магазин за

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА

На 72 страници

Година 2 Број 7

Септември 2023 г.

Цена 150 ден.




## НАГРАДИ

**РЕКТОРОТ АЦЕ МИЛЕНКОВСКИ ГО ДОБИ ПРИЗНАНИЕТО „АМБАСАДОР НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2023“**

**МЕГАИНТЕРВЈУ**

Александар ЧОМОВСКИ, **новинар и уредник**

**ТЕМА**

**Македонија заслужува подобра иднина**

**ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД**

**Интервју со шведската амбасадорка во Македонија, Н.Е. Ами Ларсон Јаин**

www.magazinturizam.mk

ISSN 2671-3934





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник м-р Биљана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: Александар ЧОМОВСКИ, **новинар и уредник** 4



ТЕМА: **Македонија заслужува подобра иднина** 10



КОЛУМНА: **М-р Горан АПОСТОЛОВСКИ,** асистент на Универзитетот Скопје 16




ТУРИЗАМ: **27 Септември, Светски ден на туризмот** 26



МОЈА ОПШТИНА: **Интервју со градоначалникот на Струмица, Коста КОСТАДИНОВСКИ** 34



РЕПОРТАЖА: **Македонија вечна - убавините на татковината** 42



НАГРАДИ: **Ректорот Аце Миленковски го доби признанието „Амбасадор на образованието за 2023“** 48



ИДНИНА: **Разговор со Лука Циндриќ, дипломец на Универзитет Скопје** 52



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со Маријана ПЕТИР, европратеничка** 56



КОМПАРАЦИЈА: **Недвижностите во Македонија и во регионот** 62

ЗПГМ ЗПГМ

# ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ



*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

# ЖЕШКА ЕСЕН ВО МАКЕДОНИЈА

*Жешка есен, тешка зима – вака се објаснува состојбата со која ќе се соочат граѓаните во периодот што следува. Во услови на двоцифрена инфлација, скап животен стандард и покачени цени на намирниците, граѓаните стравуваат како ќе ја преживеат зимата.*

*Сè повеќе луѓе буквално штедат и на храна за да може да ги платат сметките за струја и за греење. Според истражувањата, една третина од населението се изјаснило како енергетски сиромашно, проблем што ќе станува уште поголем ако не преземе државата мерки со кои ќе им помогне на најранливите категории.*

*Револтот кај граѓаните расте, а власта ја чека песолен септември. Најавени се низа штрајкови и протести за повисоки примања. Повисоки плати бараат јавната администрација, здравството, судството, новинарите, медицинскиот персонал.*

*Инфлацијата дефинитивно го „изеде“ растот на платите. Цената на струјата и на топлинската енергија енормно пораснаа, но платите и натаму тапкаат во место.*

*И додека цените уриваат рекорди, а ранливите категории граѓани едвај врзуваат крај со крај, институциите се надмудруваат кој што треба да сработи, а Владата, наместо за стандардот на граѓаните, се грижи да ги задоволи апетитите на Бугарија, кои се на штета на македонскиот народ!*

МЕГАИНТЕРВЈУ

# АЛЕКСАНДАР ЧОМОВСКИ, новинар и уредник



## 32 ГОДИНИ НЕЗАВИСНА, СУВЕРЕНА И САМОСТОЈНА МАКЕДОНИЈА: ШТО Ѝ ДОНЕСЕ НЕЗАВИСНОСТА НА ЗЕМЈАВА?

*„Европа во изминатите 30 години седум пати беше на раскрсница. Секоја членка мораше да направи огромни концесии, кои беа испит за влез во ЕУ. Ние цел живот живееме со траума дека сме загрозени. А тоа што опстојуваме, за никого не е доволен адут“*, вели еден од врвните новинари и уредници во македонскиот простор на пишаниот збор, Александар Чомовски. Покрај неговите медиумски настапи во македонскиот етер, текстовите за домашни и за странски јавни гласила, тој е и добитник на наградата **„Крсте Петков-Мисирков“** за животно дело. Во интервју за „Магазинот за туризам и менаџмент“ по повод 8 Септември, Денот на независноста, со Чомовски правиме ретроспектива на 32 години суверена, самостојна и независна Македонија: кога се живееше подобро, денеска или тогаш?



**Чомовски: „Да се каже дека пред 30 години сме живееле подобро е една реторичка манипулација.“**
*Извор: 360stepeni*



**Празникот кој ја означува сувереноста, независноста и самостојноста, Денот на независноста, 8 Септември. Вие ја паметите 1991 година, кога во предвечерјето на распадот на СФРЈ, на тој ден се одржал референдумот. Според вас, кога живееја Македонците подобро? Денеска или тогаш?**

По 30 години, ако не сме успеале да го поминеме прагот на БДП од 3 до 4 отсто, тоа кажува дека има нешто дефектно во пристапот на формирање на државата. Пред сè како општествено демократско и како економско и пазарно општество.

Да се каже дека пред 30 години сме живееле подобро е една реторичка манипулација. Не може да биде дека сме живееле подобро. Еве зошто, со еден пример ќе појаснам: во Германија, од вкупниот станбен простор, 60 проценти е на принципот кирии и лизинг, во Македонија 90 отсто е во сопственост на граѓаните. Држава во која седум илјади станови се вишок, ненаселени, во која 65 проценти од земјиштето е во приватни раце, не може да се декларира како сиромашна држава. Не може да сме живееле подобро кога државата не беше оформена, кога имаше странски војски, кога се создаваше идеја дека Македонија треба да ја биде. Ние сме држава, население кое живее во миг, а не во перспектива во создавање на додадена вредност и нови вредности. Затоа ние 30 години не направивме еден „саглам“ автопат. Не направивме и мини „Банско“. Ние ги имаме Шара и Кожуф, но не направивме ништо бидејќи нашата концепција е да се распродаде, а не да се создава.

Затоа фактите зборуваат дека ниту нашата политика, значаен дел од политичката економска олигархија, не направија концепт како Македонија од мала држава да остане држава.

Но, според мене населението сигурно живее подобро. Парадоксот е во тоа што сакаме да увеземе работници. Јас сугерирав низ текстови дека нам ни требаше да увеземе менаџери, а не да продаваме богатства. Рудниците, наместо да ги продаваме, требаше да ги работиме.

**Во изминатите години, колку се занимаваа**

**политичките партии само со политика и колку со економија? Што беше во фокус на властите?**

Не беше извесно дека ќе ја направиме државата. Границите ни ги чуваа странски војски. Приватизации во услови на блокада и на илегални приливи на пари. Ние бевме сива зона. Нема економија, нема банкарство. Но, значаен дел од фирмите успеаја да се приклучат кон меѓународните пазари.

Што сака Македонија со своите скромни национални богатства? На тој план владата на Црвенковски беше преокупирана со политика. Дополнително, имавме сериозни меѓуетнички односи, бидејќи СДСМ долго време не сфаќаше што значи едно мултиетничко општество и како треба да се формира. Глигоров не умееше да ги стивне првите знаци на колективната „пљачка“ што ни се случуваше во Македонија, затоа нам ни се случи и неспособност на армијата, на одбраната. Неспособност да си ја браниме државата.

Една од огромните вредности е што бевме мала држава. Дури и во југословенската федерација се однесуваа кон нас како кон сираче. Во тоа време, ќе добиевме малку пари од фондовите, но и тие не знаеја тука како да ги искористат.

70 години нам некој друг ни ја правеше државата. Или Југославија или Обедените Нации и Американците, или српското влијание кое го имаше во тој период овде. Автохтоната политика почна да се развива дури по воениот конфликт во 2001/2002 година.

**Кој денеска според Вас, ја крои политиката во Македонија? Постојано треба да исполнуваме нечии услови за да бидеме доволно добри за соседите, за европските земји.**

Оваа драмолетка со уставните измени за мене е лицемерна и аполитична и од страна на власта и од страна на опозицијата, наместо да искористиме некаков бонитет кој го имаме, дека се развиваме во една мултиетничка средина. Дефинитивно наместо да ја напуштиме погубната политика и да се фокусираме на добрососедска политика, многу пред Бугарите да ја искористат, ние како Македонија, таа шанса ја испуштивме. Затоа денеска ја плаќаме цената. Во овој момент ниту еден политичар не сака да признае дека Македонија има исклучителни перформанси да биде членка на ЕУ бидејќи произлезе од една Федерација каде што беше исклучително важно да се гради консензуална политика. Да се бориме со гладијатори, кои не ни признаваа црква, јазик, име, тоа беше наша точка на мобилизација. Ние денеска се доведовме во ситуација да ги сметаме Бугарите за непријатели. Зошто? Тоа е резултат на педесетгодишното пред сè патерналистичко однесување на Белград и на Србија. Што ќе се случеше ако Ѓорѓи Димитров ја прифатеше идејата на Јосип Броз Тито да бидеме федерација со Бугарија? Дали ќе бевме со ист анимозитет кон Бугарија?

Никој не сака да признае: што губиме ние ако ги признаеме Бугарите и ако ги внесеме во Уставот? Поважно е што ќе добиеме. Ќе добиеме преговори, а само тие можат да ја средат државата.

**Дали е запознаен македонскиот народ што стои точно во уставните измени?**

Ако го прашате народот дали сакате во следните 10 години да добиете 10 милијарди евра? И уште 2 милијарди од европските фондови? Но, не да бидат украдени, туку подарени, да се инвестираат. Наместо што се задолживме милијарда и пол сега, можевме да направиме сè со европските пари.

Ако направиме концесија. Во минатото, нашата држава се формираше врз основа на концесии, кон странци, дома, кон Албанците. Зошто е страшно да направиме кон Бугарите? Дали живеат Албанците полошо денеска? Не. Дали Бугарите ќе живеат подобро со уставните измени? Да. И наспроти манипулациите на Каракачанов



Чомовски: „Ми недостигаат политичари кои еднаш во својата политичка кариера ќе излезат и ќе речат: згрешивме.“
*Извор: netpress.com*

и неофашистичките организации дека ќе ни дадат бугарски пасош за доушници на бугарски тајни служби. Ако им кажете на луѓето дека некој може да ви го земе јазикот, сигурно нема да прифатат измени.

Ние сакаме да увеземе граѓани како работна сила во Македонија за да ги надоместиме оние што си заминале од државата со бугарски пасош.

СДСМ никогаш не успеа да направи кохабитација со државата, и при донесување на првиот устав кој беше јадро на државата, имаше пратеници од ВМРО-ДПМНЕ кои не гласаа. Не е страшно што не гласаа, страшно е што не се продаваат реалните перспективи на државата.

Овде царуваат бандитизмот, криминалот и етницизмот како оправдување за одлуките. Ако не се стави крај, нам ни се заканува нова мајоризација. Мајоризација прв пат, како реваншизам на Албанците наспроти Македонците во раниот период на македонската држава. Не можеме да бидеме граѓанско општество ако по 20 години од Рамковниот договор некои политичари велат дека се Албанците дискриминирани и дека немаат права, особено во услови во кои Владата е составена со доминантно албанско мнозинство. Има цели ресори во кои Албанците имаат своја етничка доминација и, што е најважно, има јасна тенденција во обликувањето на спиралата на политичките моќи на Албанците преку персоналните решенија во судството. Во секоја друга држава, лагата е доволна причина да се повлече од власта.

Во ДУИ прашањето на остварување на правата го градираат со права на ексклузивност во поделбата на општественото и на национално богатство. Тезата дека досега Македонците правеле и граделе преку приватизацијата и дека Албанците ништо не добиле во првиот бран, не значи дека тоа треба да го надокнадат и да го еродираат системот. Никој нема против „Бехтел и Енка“ да не градат, има против оние кои се креатори на буџетот, затоа што немаат основни информации.

Сите уставни промени во Македонија се направени по нечиј диктат и ние опстанавме како држава, но и народот и јазикот останаа. Што нудат оние што велат дека нема да прифатат уставни измени? А чии промени ќе прифатиме и под чиј диктат? Овој пат треба да биде по новите основни вредности. Да се доближиме до Европа.

**Дали ќе биде ова последно барање што треба да го испорача Македонија за да ги почне конечно преговорите со ЕУ?**

Никогаш ништо не е последно. ЕУ во изминатите 30 години седум пати беше на раскрсница. Секоја членка мораше да направи огромни концесии, кои беа испит за влез во ЕУ. Ние цел живот живееме со траума дека сме загрозени. А тоа што опстојуваме за никого не е доволен адут. Не можам да ја амнестирам официјална Софија дека направи стратешка процена. Наместо да ги придобие

Македонците, создаде политика на нихилизам која ни на Бугарија не ѝ одговара. Зар мислат дека ако останеме надвор од ЕУ, ќе нѐ окупираат? Да го привлечат македонскиот народ кон некакво новоосмислено бугарско-македонско сојузништво без европски мониторинг, освен под еден услов, ако тоа не е составен дел на големата геостратегија во која Македонија треба да остане место околу кое ќе се вртат сите кризни состојби. Но тоа не е резултат само на Русите и на Бугарите, тоа е способноста на македонското население да се избори само за своите и културолошки, етнички и економски предиспозиции.

### Колку ѝ треба на Македонија ЕУ и колку ѝ треба на Европа Македонија?

Зошто ѝ треба на Европа Македонија? На Македонија ѝ треба Европа, да. Зар тоа што ги нервира Орбан е помалку од тоа што ги нервира Радев? Па го толерираат бидејќи знаат дека Унгарија е стратешка брана на руската пенетрација. Унгарците и Чесите дознаа што значи руската чизма да влезе во Будимпешта и во Прага.

Македонија ѝ треба на Европа затоа што не може да остави цепови во својата геостратегија. А ќе направи сѐ да го искористи тоа што во Македонија има и натаму некаква висока позиција на еврофирмација.

### Колку имаат малите политички партии влијание на политичка сцена?

Немаат никакво влијание, ниту ќе имаат. Не е страшно ако политиката зависи од три политички партии. Исто како во Велика Британија. Треба да имаме малку поголема широчина. Не може да имате широчини ако не смеете да влезете до Слупчане и да им кажете на граѓаните дека има инструменти државата и дека струјата што ја потрошиле, треба да ја платат.

Владата мора да преземе одговорност, 40 проценти од сивата економијата, а тоа е најмалку една милијарда годишно, се создава надвор од регуларните економски и финансиски трансакции. Тоа е ново извориште на криминалот во Македонија. Не може да ја прифатиме логиката: досега се крадеше, сега и ние ќе крадеме. Договорите што ги прават остануваат во нивниот атак? Има добри албански аналитичари, албански министри кои исто така се незадоволни од ваквите одлуки.

На Македонија ѝ треба една доза за смирување на тезите. Ми недостигаат политичари кои еднаш во својата политичка кариера ќе излезат и ќе речат, згрешивме. Но, во Македонија има политичари кои ја воделе државата, а потоа излегуваат од мечкина дупка на јавна сцена и кажуваат дека имало криминал во државата, а тие се иницијатор на тоа. Заради тоа сме ние во оваа состојба.

На Македонија ѝ треба бугарски рецепт. Како е возможно во една членка на ЕУ, три години да нема влада, како е можно? Кога сфатија дека губат 17 милијарди евра колач од Европската Унија, во следните осум години,

**ЗНМ му ја додели Наградата за животно дело на Александар Чомовски.**
*Извор: Izdruzenie na novinari*



се споија во Влада најлутите противници, криминогените структури со реформаторите. Кога меѓу себе мора да се толерираат, мораше да се најде трет непријател. Кој е? Македонија. Зошто требаше да имаме воен конфликт во 2001 година и да се направи Пржински договор, што не е помалку деликатен од сегашните концесии со Бугарија?

А не можеме да направиме бугарски рецепт за стратешко прашање? Само за бугарското прашање. Никогаш не ѝ било подобро на Македонија од кога се формира експертска влада.

**Што ќе добиеме со експертска влада? И дали ќе успеат политичките партии да направат договор меѓу себе?**

Експертска влада ќе го реши клучното прашање. Тоа е прашањето на политичка култура, лидерство, а треба и минимум платформа. Платформа за борба против криминалот, стабилизирање на институциите и на уставните промени. Ќе се девастира политичката импотенција кај лидерите кои градат своја позиција за избори врз основа на антипатија. Зарем ние сега нема да ги сакаме Македонците кои добија бугарски пасоши? Дали ќе си дозволиме да останеме на периферија на Балканот, во која ќе увезуваме работници, а ќе извезуваме Македонци? Нели е доволно за Ковачевски и за Мицковски тоа што ќе создадат јавен дискурс во кој антагонизмот ќе постои врз идеолошка основа, кога по прашањето на стратешките предизвици, ВМРО-ДПМНЕ никогаш не била против ЕУ? Идејата за Европската Унија и за НАТО произлегува од ВМРО-ДПМНЕ.

**Кој најинтересен настан може да го издвоите за кој сте известувале во вашата кариера?**

Најшокантни ми беа информациите за реформите на Анте Марковиќ. Девалвација на денарот, качување на платите. За ова информираше само одредена група новинари. Тогаш, од прв момент бев убеден дека Македонија ќе ја плати високата цена ако не се раздолжи од федерацијата.

Најпредизвикувачки настани ми беа војната во 2001 година и настаните на Косово. Тогаш работев во македонски медиум, со една исклучителна добра екипа. А работев и за странски медиум. Таму има правила како се известува за настан. Си направивме свои извори. А домашните политичари сакаа да дознаат што се случува од нас. Преку собирање информации, така се создаваа стратегиите. Тогаш прв пат го видов Али Ахмети и тогаш прв и последен пат со него правев интервју.

**Која друга кариера би ја одбрале во животот ако не бевте новинар?**

Имав можност да бидам портпарол. Имав семејна традиција на меѓународен бизнис, но почнав на 18 години со новинарство. Имав еден аманет од еден новинар кој ми рече: „Што и да бидеш во пирамидата на новинарството, секогаш да бидеш новинар“.

**Чомовски: „Најпредизвикувачки настани ми беа војната во 2001 година и настаните на Косово.“**
*Извор: lokalno.mk*





Прослава по повод прогласувањето независност на Република Македонија.



# МАКЕДОНИЈА ЗАСЛУЖУВА ПОДОБРА ИДНИНА

Македонија преживеа многу предизвици и кризи, приватизација, економски ембарга, терористички напади и војна, политички афери, меѓународни притисоци и многу домашни несогласувања. Во изминатите 32 години, македонскиот народ покажа дека знае да им се радува на заедничките државнички, културни, спортски и човечки успеси, подвизи и врвни резултати на претставниците на Македонија. Независноста на младата Република ѝ донесе многу разочарувања, можеби поради дел од заедничките очекувања кои биле нереални во дадениот простор и време. 32 години државност на Македонците и на Македонија им донесоа многу неправди, навреди и понижувања, како на домашен, така и на меѓународен план.

# ТЕМА

Името **МАКЕДОНИЈА** е најстарото име на држава на денешниот европски континент. Македонците се едни од првите народи во Европа кои успеале да создадат организирано државно управување, со свој административен, воен и монетарен систем. Македонскиот народ е еден од ретките кои имаат континуитет далеку пред антиката, а од антиката до средниот век немале градови–држави, ниту пак републики, туку кнежевства, кралства, царство и империја. Во новата ера, Македонците се првите во Европа кои создале република во 20. век, по урнек на француската од неколку векови претходно. Македонското име кое векови е забранувано, менувано и прогонувано, ниту загинало, ниту пак ќе загине. Македонците кревале буни, востанија и војни уште од времињата на римската окупација. Историчарите забележале значајни востанија на македонскиот народ и во средниот век – востанијата на комитопулите, на Георги Војтех, Петар Делјан и други. Карпошовото востание од 17. век било последица на неколкувековни бунтувања на македонскиот народ. Свеста за историскиот момент за создавање на своја држава значително се манифестирала во втората половина на 19. век, кога преку многуте буни, но и востанија како Разловечкото, Македонското (Кресненско), Илинденското, Тиквешкото и Охридското се стигнало до повторно разочарување за време на Балканските и на Првата светска војна, по што пред крајот на Втората светска војна, на вториот Илинден со својот АСНОМ, Македонците по многу векови повторно создадоа сопствена држава Македонија во рамките на југословенската федерација.

Пред 32 години, на 8 Септември 1991 година, Македонија стана независна и суверена држава со републиканско уредување. Во ноември во 1990 година, бил избран новиот парламентарен состав на Социјалистичка Република Македонија, кој на 25 јануари 1991 година во Собранието ја изгласал Декларацијата за сувереност. На 20 март била формирана првата влада. Со одлука на Собранието на СРМ од 7 јуни 1991, одредницата „Социјалистичка“ е изоставена, и оттогаш републиката се именува како Република Македонија. На 1 август било конституирано првото повеќепартиско





**Гардата на независна Македонија.**
*Извор: libertas.mk*



Собрание на Македонија, кое на 6 август распишало одлука за спроведување на референдум. Врз основа на резултатите од референдумот одржан на 8 септември 1991, на 18 септември во Собранието била потврдена волјата на народот со Декларација за прифаќање на референдумските резултати, а на 17 ноември истата година пратениците го изгласале и Уставот на Република Македонија. Огромната излезност – околу 75% и гласањето за сувереност и самостојност – 95%, пред 32 години е најголемата демократска потврда за државното име Македонија. Во февруари во 1992 година, Собранието го изгласало законот за одбрана на Република Македонија, со што започнал процесот на воено осамостојување. Во април истата година, Македонија се осамостоила и монетарно со новото име на валутата – денар. Во август во 1992 бил донесен законот за новото знаме, кое веќе се веело насекаде низ Македонија, но и меѓу иселеништвото, кое со својата поддршка од неколку континенти значително придонело кон процесот на осамостојување на Македонија. Во истата година, Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка се согласиле да ја примат Македонија под уставното име, но до разрешување на веќе постојниот спор со соседна Грција, да се користи привремената референца „the Former Yugoslav Republic of Macedonia". Истиот пристап кон именувањето на државата Македонија бил применет и при приемот во Обединетите нации на 8 април 1993 година, кога Република Македонија станала 181-ва членка на најголемата светска организација. По економските ембарга од јужниот сосед и по меѓународниот притисок, во 1995 година на контроверзен начин било сменето и знамето на Македонија.

*На гласањето на Референдумот со прашање „Дали сте за суверена и независна држава Македонија, со право на влез во иден сојуз на суверените држави на Југославија?", според официјалните податоци, од 1.495.626 гласачи излегле 1.132.981 граѓанин со право на глас или 71,85 отсто, а од вкупниот број граѓани кои гласале на Референдумот* ***позитивно се изјасниле 1.079.308 граѓани*** *односно* ***95,09 отсто*** *(односно 72,16 % од вкупниот број на граѓани со право на глас).*

Од државните обележја од претходната држава, во употреба останал само државниот грб од 1946 на кој биле претставени житото, афионот, тутунот, планината Пирин и реката Вардар, од кој во 2009 била отстранета петокраката.

*На крајот од втората деценија на 21. век, во Македонија се одржа уште еден значаен*




**Старото и новото знаме на Република Македонија подеднакво се веат.**
*Извор: apnews com*



*референдум, со прашање „Дали сте за членство во ЕУ и НАТО со прифаќање на Договорот помеѓу Република Македонија и Република Грција?". Резултатите од овој референдум се – излезност од 666.743 гласачи – 36,9%, од кои „за" гласале 609.893. Повеќе од 400.000 гласови „за" помалку од референдумот во 1991, со помала излезност од 828.883 гласачи.*

Иако бојкотиран од мнозинството регистрирани гласачи во Република Македонија, врз основа на овој референдум на контроверзен начин насилно беше додадена придавката „северна" кон името на државата Република Македонија. Под „новото име" на државата, Македонија во март 2020 година беше примена во НАТО.

Од почетокот на 90-те години на минатиот век, па до денес, Македонија преживеа многу предизвици – приватизација, економски ембарга и кризи, терористички напади и војна, политички афери, меѓународни притисоци и многу домашни несогласувања. Во изминатите 32 години македонскиот народ и многупати покажа дека знае да им се радува на заедничките државнички, културни, спортски и човечки успеси, подвизи и врвни резултати на претставниците на Македонија. Независноста на младата Република ѝ донесе многу разочарувања, можеби поради дел од заедничките очекувања кои биле нереални во дадените простор и време. 32 години државност на Македонците и на Македонија им донесоа многу неправди, навреди и понижувања, како на домашен, така и на меѓународен план. Условувањата за промени на децениските основи на државноста кои не престанале од осамостојувањето до денес, се


ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ

за претходно изјаснување на граѓаните на референдумот што ќе се одржи на 8 септември 1991 година

Дали сте за суверена и самостојна држава Македонија со право да стапи во иден Сојуз на суверените држави на Југославија?

"ЗА" "ПРОТИВ"



**Прослава на 8 Септември, Денот на независноста на Македонија.**
*Извор: denesen.mk*



единствен случај кон некоја држава во светот.

И покрај релативно слаботo политичко водство низ сите 32 години на независност, македонскиот народ со својата вековна истрајност, упорност, пожртвуваност, волја, верба и труд покажува и докажува дека не се откажува од родната грутка – древната македонска земја и државата Македонија. Дојдени се времиња во кои и во пракса треба да се покаже дека државата е секој од нас, не само преку гласање на референдуми и избори, туку со повеќе труд од досега, по патот кон новото сонце на слободата. Географската поставеност, климатските услови, природните ресурси и економскиот потенцијал ја прави Република Македонија идно економско чудо, нормално – доколку е предводена од организиран тим кој би го вреднувал трудот на домашните човечки ресурси пред сѐ друго, на многу повисоки нивоа од досегашните, и би ги употребувал природните ресурси со многу поголема доза на внимателност, за разлика од покажаното во пракса во изминатите децении. Потенцијалот на државата Македонија, македонскиот народ и на сите етнички заедници кои живеат во Македонија е неограничен, и со повеќе почит кон домашното и истрајност во работите, конечно треба да почне да се остварува во секојдневието, што би донело и до подобар стандард на населението и до подобра геополитичка позиција на државата.



**Орден 8 Септември.**
*Извор: wikimedia.org*

Никогаш да не заборавиме на сите оние јунаци кои во минатото ги жртвувале своите и животите на сопствените семејства во борбата за Македонија.

Да си ја чуваме и да си ја почитуваме татковината затоа што претставува чест и привилегија да се живее на древната македонска земја.

**Нека ни е честит Денот на независноста на Република Македонија!**


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
Contents
Research Papers
FINANCING POSSIBILITIES OF THE LOCAL GOVERNMENT
A PANEL REGRESSION ANALYSIS OF HUMAN CAPITAL RELEVANCE IN SELECTED SCANDINAVIAN AND SE EUROPEAN COUNTRIES
EMPIRICAL ESTIMATION OF THE MULTIPLICATIVE EFFECTS OF STELL INDUSTRY IN MACEDONIA BY USING INPUT-OUTPUT MODEL
STATE INVESTMENT IN SCIENCE AND SCIENTIFIC PRODUCTIVITY OF UNIVERSITIES
CAPITAL INVESTMENTS AND FINANCIAL PROFITABILITY
EMPIRICAL ANALYSIS OF DEMAND FOR ROOF TILES: EXAMPLE OF TONDACH COMPANY
CLASSIFICATION OF TOURIST SEASON IN COSTAL TOURISM
HEALTH TOURISM AND "SMART SPECIALISATION"
ANALYSIS OF TOURISM INDICATORS IN FUNCTION OF TOURIST OFFER ENRICHMENT IN MACEDONIA
THE IMPACT OF MEDICAL TOURISM ON THE QUALITY OF ORGANIZATIONAL AND FUNCTIONAL CHANGES IN THE POLISH HEALTHCARE SYSTEM
SUSTAINABLE TOURISM AND HOTEL MANAGEMENT IN MACEDONIA TROUGH THE USE OF RENEWABLE ENERGY SOURCES
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk



# ТУРИЗАМ ИЛИ ИМПРОВИЗАЦИЈА?

**Ова лето, на мое големо задоволство, имав можност да ги посетам едни од најатрактивните и најпосетени туристички дестинации во светот: Египет, Турција и Дубаи, дестинации што секоја година угостуваат милиони туристи. За какви туристички дестинации станува збор, зборува бројот на туристи кои ги посетиле овие земји во текот на изминатата година. Турција ја посетиле 16 милиони странски туристи, Дубаи 14,36 милиони, додека Египет забележа бројка од 11,7 милиони туристи.**

# КОЛУМНА

## Пишува: м-р Горан Апостоловски, асистент на Универзитетот Скопје

Од професионален аспект, сакав да направам компарација со туризмот во Македонија и да дадам препораки како може да се подобри во иднина. Сигурно ќе помислите дека Македонија не може да се споредува со овие туристички џинови. Можеби со Турција и со Египет не би можела, затоа што Турција е држава со повеќе од 80-милионска популација со долгогодишна традиција во туризмот, земја која е богата со туристички атракции и локалитети, природно и културно наследство. Земја со развиено земјоделство и голем произведувач на храна. Турција поседува морски брег од точно 8.333 километри и 396 плажи со сино знаменце. Исто така, и Египет е држава со повеќе од 100 милиони жители, лулка на древна цивилизација, земја со најчистото море, кое по соленост е прво во светот, има најбогато културно-историско наследство, а го поседува и најмаркантниот и најпознат споменик на културата и на историјата, едно од Седумте светски чуда на античкиот свет, единственото зачувано, Кеопсовата пирамида во Гиза.

Пристаниште во Дубаи.





Ноќна панорама на Дубаи.

Но, Македонија сигурно дека може да се спореди со Дубаи, еден од седумте емири во Обединетите Арапски Емирати (ОАЕ). Дубаи има популација од 3,5 милиони жители и површина од 2.200 километри квадратни. За разлика од претходните држави, Дубаи е основан во почетокот на 19. век како мало рибарско село.

Ако направиме споредба со Македонија, според бројот на туристи од крајот на осумдесеттите години на минатиот век, ќе ја видиме реалната слика за туризмот во Дубаи и неговите почетоци. Македонија, која во тоа време беше во склоп на поранешната заедничка држава, СФРЈ, во 1987 година, која е и рекордна година по број на посетители, имала 1.183.160 туристи, од кои 689.016 биле странци. Дубаи во 1990 година има 632.903 странски туристи. Поедноставно кажано, пред повеќе од 30 години сме биле рамноправни играчи во туристичкиот бизнис. Прашањето кое се наметнува е каде сме сега ние како земја во поглед на туризмот, а каде е Дубаи, и зошто Дубаи има 20 пати повеќе туристи отколку Македонија?

Развојот на Дубаи не ќе беше можен ако ОАЕ немаа искусни и мудри политичари кои ја водеа одлично надворешната политика кон крајот од изминатиот век. Големите промени во надворешната политика на ОАЕ започнаа во доцните 1990-ти години, кога ОАЕ постепено се оддалечија од фокусот на арапските и на исламските прашања и проактивно се вклучија во клучните случувања во глобалната економија и во меѓународното управување. Остварен е голем развој во одредени економски сектори како што се воздухопловството, обновливата енергија и меѓународните финансии. Односите со Соединетите Американски Држави се продлабочија, особено по шокот од нападите на 11 септември 2001 година. САД остануваат камен-темелник на надворешната политика на ОАЕ и нивен најголем сојузник. ОАЕ е една од ретките земји на Блискиот Исток која не била зафатена од воени случувања. Туризмот е индустрија што е најосетлива на сите политички кризи и воени конфликти во еден регион, и тие негативно влијаат врз понатамошниот развој на туризмот.

Македонија во изминатите 30 години имаше



Хотел „Атлнатис“.



периоди кога имаше пад на бројот на туристи токму поради ваквите случувања, воени конфликти во државата и во регионот, политички кризи во државата, нерешени политички прашања со соседните земји, ембарго од соседна земја.

Градот-емират, Дубаи се наоѓа на брегот на Персискиот Залив, опкружен со Арапската Пустина. За развој на туризмот основна и најважна работа е сообраќајната поврзаност и инфраструктура. Географската местоположба на Дубаи не му оди во прилог за развој на туризмот. Копнената поврзаност на Дубаи со соседните емитивни подрачја нема примарно значење. Копнениот сообраќај се користи единствено за трансфер на туристите од аеродромите и за движење на туристите во градот. Имајќи го сето тоа предвид, во 1984 година шеикот Мохамед бин Рашид ал Мактум, тогашен министер за одбрана на ОАЕ и член на прогресивното кралско семејство на Дубаи, побарал од сер Морис Фланаган, експерт во авиосообраќајот, да отпочне со создавање на, во моментов, најуспешната авиокомпанија во светот. Следната година е првиот лет од Дубаи до Карачи со изнајмен авион од Пакистанската национална авиокомпанија. Во 1987 година е остварен летот Дубаи – Тулуз со првиот сопствен авион, а во декември истата година авиокомпанијата го добива своето име „Emirates“. Благодарноста и почитта на ОАЕ кон основоположникот на авиосообраќајот во оваа земја, сер Морис Фланаган, се гледа во тоа што голем број јавни институции, училишта и културни установи го добиле името според овој човек. Аеродромите во Абу Даби и во Дубаи се едни од најголемите, најмодерните и нафреквентните во светот. Аеродромот во Дубаи според бројот на превезени меѓународни патници е број еден во светот, како што е број еден аеродром во свет и по најголем просечен број на патници по лет. Директно е поврзан со 99 земји и летови кон 265 дестинации, а на овој аеродром оперираат повеќе од 145 авиокомпании. Поради зголемената фреквенција на аеродромот во Дубаи, во изминатите години авиосообраќајот сè повеќе се пренасочува кон аеродромот во Абу Даби, кој пак со Дубаи е поврзан со шатл-басови, редовна автобуска линија, такси-

превоз и „Uber“. Аеродромите се одлично организирани и иако многу фреквентни, не се забележуваат гужви и чекање. Колку се внимава на безбедноста и сигурноста во ОАЕ е и фактот што на влезот во оваа земја вршат скенирање на лице и отпечаток од прсти на секој патник. Македонија е единствената земја во регионот која нема директна авиолинија со ОАЕ, па моето патување кон ОАЕ беше преку аеродромот „Никола Тесла“ во Белград.

Единствената позитивна работа поврзана со авиосообраќајот во Македонија е што бележи пораст во последните години, благодарение на концесионерот „TAV“ од Турција, кој ги доби македонските аеродроми на дваесет годишна концесија во 2008 година. Меѓутоа, сето тоа е недоволно бидејќи Македонија сè уште не е поврзана со европските метрополи со редовни авиолинии преку кои ќе може побрзо и поевтино да дојдат туристи од Европа или од прекуокеанските држави во нашата земја. Ние сме и единствена земја во целиот регион и една од ретките во светот што нема национална авиокомпанија, иако по осамостојувањето на Македонија функционираа две национални авиокомпании. Субвенциите што ги воведе македонската влада пред десет години сепак не беа доволен стимул за влез на реномирани авиокомпании во македонскиот авиосообраќај.

Македонија има компаративна предност во однос на Дубаи кога е во прашање копнениот сообраќај бидејќи поголемите емитивни подрачја во регионот се на максимум 4 часа возење со автомобил. Иако, морам да напомнам, квалитетот на патиштата во Дубаи не може да се спореди со тој на македонските. Македонија е поврзана со автопат и со железница единствено со Србија и со Грција, а со останатите соседи поврзаноста е, благо кажано, катастрофална. Само во нашата држава времето потребно за изградба на железничка пруга и автопат се мери во децении.

Туристите во Дубаи најчесто користат јавен превоз, кој е еден од најдобро организираните во светот. Метрото во Дубаи е едно од најмодерните и е целосно автоматизирано. Цената за користење на јавниот превоз е доста прифатлива.

Римското царство целиот свој успех го должи првенствено на изградбата на патишта на целата своја територија, па оттаму и позната поговорка „Сите патишта водат кон Рим“, во случајот „Сите летови водат кон Дубаи“.

Дубаи е туристичка дестинација што нема долга историја и традиција во туризмот. Предуслов за развој на туризмот и огромниот капитал вложен во оваа гранка бил откривањето на нафтата во 1966 година и нејзина експлоатација од 1969 година. Целата економија во Дубаи била зависна од богатите нафтени полиња, кои пак имаат ограничен век на експлоатација. Шеикот Рашид бин Саид

**Хотел „Бурџ ал Араб“.**



ал Мактум бил свесен за тоа и барал решение, што по нафтата? Дубаи целиот свој економски напредок го гледа во тоа да стане најголемиот финансиски, трговски и „безданочен“ центар во светот. Дури откако започнуваат да го посетуваат бизнисмени од целиот свет, ги согледуваат економските придобивки од туризмот и започнуваат сериозно да инвестираат во него. Без импровизации, со професионализам и со голема љубов кон својата држава.

Ако ги спोредиме двете туристички дестинации во поглед на културното наследство, тогаш Македонија е далеку пред Дубаи. Македонија отсекогаш била важно место каде што се среќавале различни цивилизации. Тие влијаеле на нејзината култура и обичаи. Овие цивилизации оставиле свои траги на оваа територија во форма на различни културно-историски

Највисоката градба во светот, „Бурџ Калифа“.




споменици. Многу од нив биле уништени од војни и земјотреси, но многу од нив се обновени и се  сведоци на богатата историја на Македонија. Културното наследство на Македонија вклучува археолошки локалитети, византиски цркви, манастири, стари тврдини, стари пазари, џамии, мостови. Секој град во Македонија има по нешто специфично кое може да му го понуди на посетителот и да го привлече да го посети. Македонските споменици на културата што потекнуваат многу векови наназад се само мисловна именка за Дубаи, кој од историја и традиција го има само стариот дел на Дубаи. Меѓутоа, стариот дел на Дубаи е еден од најпосетените туристички локалитети во градот, каде што може да се видат автентичните живеалишта и трговски локали од минатото, но и да се купат најразлични сувенири, текстилни производи, зачини и традиционални парфеми. Место каде што одличните туристички водичи со голема љубов ќе ви ја раскажат историјата и традицијата на арапскиот народ. Секако дека нема да му одолеете и на прекрасниот мирис што доаѓа од локалните традиционални арапски ресторани, па ќе ја вкусите и прекрасната арапска кујна. Иако Македонија има предност во овој поглед, оваа предност не ја валоризира, бидејќи туристичките локалитети и културно-историски споменици се во многу лоша кондиција. Класичен пример за тоа се амфитеатарот од најпосетуваниот туристички објект, Спомен-куќата на Мајка Тереза и споменикот Воин на коњ на градскиот плоштад, кои се целосно запуштени во поглед на хигиената. Со преку 15 милиони туристи и огромна фреквенција на луѓе, Дубаи е еден од најчистите градови во светот.

Кога станува збор за природното наследство, Македонија повторно е далеку пред Дубаи, бидејќи за разлика од Дубаи, кој единствено може да се пофали со брегот на Персискиот Залив, Македонија има далеку побогати природни убавини. Во 1979 година, кога

Охридското Езеро е прогласено за светско културно и природно наследство од страна на UNESCO, во Дубаи сè уште нема посериозни облици на туризам. Македонија е земја со три природни езера, од кои Охридското Езеро е најстарото природно езеро во Европа, во кое живее богат ендемски воден свет. Македонија е земја со голем број ендемски видови на животни и растенија, езера, пејзажи, реки, шуми, природни водопади, пештери, планини и термални извори, каде што може да се развиваат најразлични видови туризам, но за жал, сето тоа не е максимално валоризирано во функција на зголемување на бројот на туристи.

Уште една предност на Македонија за развој на туризмот во однос на Дубаи е климата. Дубаи има тропска пустинска микроклима со многу топли лета и топли зими, има многу малку врнежи во текот на годината, а во летните месеци температурите се многу високи и влажноста на воздухот е голема како резултат на монсуните над Индискиот Океан. Дубаи има две сезони, лето и зима. Практично сезоната за туризам во Дубаи е во зима кога температурите се пријатни, за разлика од летото каде што надворешните температури се во ранг на елементарна непогода. Кога на сето тоа ќе го надоврземе и оскудниот воден потенцијал и неквалитетната почва, се доаѓа до уште една компаративна предност за Македонија, а тоа е производството на храна. Земјоделието е стопанска гранка тесно поврзана со туризмот и претставува негов „невидлив извоз“. Дубаи е зависен од увоз на храна и нема свои автентични земјоделски култури, но во последните години огромни средства се инвестираат во најсовремени технологии за развој на земјоделието, па тоа во моментов претставува најбрзорастечка стопанска гранка.

Прашањето кое се поставува е како Дубаи, по сите овие неповолни предуслови за развој на туризмот, се стреми да стане туристичка дестинација број еден во светот по број на туристи? Мотото на Дубаи е „Големо, поголемо, најголемо“. Дубаи плански започнува да го развива туризмот. Најпрво гради инфраструктура и потоа гради огромен број хотели и сместувачки капацитети. Во

**Најмодерниот музеј на светот, „Museum of The Future“.**



тој развоен и грандиозен проект директно учество има тогашниот Шеик. Се градат само ексклузивни, големи и маркантни хотели бидејќи идејата на Дубаи е да стане центар на „луксузен туризам“. Првиот хотел со 7 ѕвезди во светот, Бурџ ал Араб, е изграден пред 23 години, по стандард што и денеска не е достигнат. Дубаи е рекордер по бројот на хотели со пет ѕвезди и град со највисоките 5 хотели во светот. Во 1993 година, градот има 167 хотели со 9.383 соби, а денеска, по 30 години, има 814 хотели и 148.877 соби. Само за илустрација, град со 3.5 милиони жители може да ги угости сите жители на Скопје. Покрај тоа, изградени се преку 750.000 апартмани за живеење, во кои голем број од светски познатите личности се сопственици на ексклузивни апартмани. Светот со голема доза на скептицизам го гледаше градењето на огромен број сместувачки капацитети. Дури откако се изградија голем број сместувачки капацитети, започна посериозната промоција на Дубаи за привлекување туристи. Пополнетоста на сместувачките капацитети во 2022 година во Дубаи е 83%, за разлика од Македонија, кога во истиот период тој процент изнесува 49%.  Релевантни податоци за бројот и категоризацијата на сместувачките капацитети во Македонија, според Државниот завод за статистика, за жал, за периодот по 2016 година не може да се најдат.

Дубаи е град со најголемиот покриен трговски центар според површина и според застапеноста на познатите светски брендови. Највисоката градба на светот, Бурџ Калифа, со висина од 828 метри е симбол на Дубаи во последно време. Највисокиот музеј на светот во форма на рамка за слика„Dubai Frame“, и најмодерниот музеј на светот, „Museum of The Future“, се едни од најпосетуваните туристички објекти во светот. Исто така, во Дубаи се наоѓа една од најубавите и најголемите цветни градини во светот, која заради неповолната клима во текот на летните месеци, работи само 6 месеци во текот на годината. Сите туристички атракции имаат перфектна организација во поглед на онлајн-резервација на билети, влез без многу чекање и гужви со колони на туристи и, секако, релаксиран разглед. Едноставно се е ставено во функција на задоволство на туристот.

Најследените ѕвезди на Инстаграм, Јутјуб и Тик-ток се чести гости во Дубаи, кои пак преку своите објави на социјалните мрежи сакаат поблиску и пореално да им ги претставаат убавините на Дубаи на своите следбеници. Најплатениот светски актер и продуцент, Том Круз, својот блокбастер „Невозможна мисија“ го снимаше во штотуку изградената Бурџ Калифа, а голем дел од филмските кадри беа снимени низ самиот град. За промоцијата





Музејот „Dubai Frame“.



на најлуксузниот хотел во светот, Бурџ ал Араб, беше организиран тениски спектакл на тогаш најдобрите двајца тенисери, Роџер Федерер и Рафаел Надал, на хотелскиот хелиодром. Дека сè е најдобро и најголемо во Дубаи посочува и организацијата на досега најголемиот светски музички фестивал, „Dubai Untold“, кој ќе се одржи во февруари идната година и на кој ќе продефилираат најголемите ѕвезди од музичката индустрија. Во Македонија, пак, во Охрид, најмногубројни се туристите од Холандија благодарение на холандскиот писател А. ден Долард, кој во својот роман „Свадбата на седумте цигани“ од далечната 1939 година ги опишува убавините на градот. Токму затоа, повеќе од потребен е ваквиот вид промоција, организација на големи концерти и настани со актуелни познати имиња, како што е на пример „Exit“ во соседна Србија, саеми за храна и слично, а во насока на привлекување што поголем број посетители и познати личности кои ќе ја промовираат нашата земја преку, во моментот најмоќниот медиум, социјалните мрежи.

Гастрономскиот туризам е еден од најпопуларните видови туризам во светот. Во Дубаи има преку 13.000 ресторани и барови, каде што се присутни речиси сите светски познати франшизи од угостителскиот бизнис, за разлика од Скопје, каде што има само две светски познати франшизи за брза храна. Дубаи е град кој што оваа година го доби и четиринаесеттиот ресторан со најпрестижната ѕвезда на Мишелин. Се ангажираат најдобрите светски шефови кои од храната прават вистинска уметност и симфонија од вкусови, на задоволство на големиот број гастрономски хедонисти. Џејми Оливер, Гордон Рамси, Нусрет се само мал дел од познатите готвачи што имаат отворено сопствени ресторани во оваа туристичка престолнина. Колку внимание му се обрнува на квалитетот на туристичкиот кадар во Дубаи е и посебниот оддел на Факултетот за туризам, кој ги образува професионалните возачи на сафари-тури во соседните пустини. Во Дубаи има повеќе од 2.000 сафари-возачи. Од друга страна, еден од најголемите проблеми во туристичкиот бизнис во Македонија е недостигот од обучен и квалитетен кадар во угостителските објекти.

Во последно време, повторно е актуелна





Пицеријата на Џејми Оливер во Дубаи.



идејата за формирање на Министерство за туризам во Македонија, кое ќе ги решава проблемите на туризмот тука. Дали ќе биде министерство што ќе изработи уште една од многуте стратегии за туризам? Во Македонија има Министерство за здравство и, што мислите, дали е решен проблемот со здравството? Само по себе министерството не е решение на проблемот ако не се екипира со добар кадар во самото министерство, кој ќе работи со голема љубов и посветеност, да има голем буџет за негово функционирање и, секако, нула-корупција. Министерство кое ќе има 4-годишен план и програма, а не менување на министри во зависност од дневно политичките потреби. УАЕ нема посебно министерство за туризам. Секторот туризам е во склоп на Департманот за економија и туризам, но важноста на овој сектор се гледа во тоа што сите поголеми прашања и инвестиции поврзани за овој сектор се под контрола на шеикот.

Секако помисливте дека е лесно да се развива туризам кога имаш голем капитал. Македонија својата шанса за развој на туризмот ја пропушти со катастрофално лошата приватизација, кога хотелите беа „приватизирани“ од страна на тогашните моќници. Поради лошиот менаџмент и непрофесионалност во работењето, голем дел од нив пропаднаа и не работат денес. За изградба на големи хотелски капацитети од осамостојувањето на Македонија, резултатот е следен: само два поголеми хотели во Скопје и ниту еден во македонскиот туристички бисер, Охрид. Поради сето тоа, првата задача на идното министерство за туризам, во кој и да е облик, е привлекување на светски познати ланци на хотели кои ќе ја исцртаат Македонија на светската туристичка мапа. Откако ќе се изградат големи сместувачки капацитети, дури тогаш може да започне вистинската промоција за привлекување туристи.

Сосема на самиот крај, во време кога познатиот претприемач Илон Маск го развива вселенскиот туризам и се подготвува да ја насели планетата Марс, во Македонија се бара начин како да се поминат 170 километри растојание од македонската метропола до македонскиот Ерусалим за помалку од четири часа.





**Цитат на Неговото Височество, шеикот Мухамед бин Рашид ал Мактум во Музејот на иднината: „Зборот ‚невозможно‘ не постои во речникот на ОАЕ“.**









# ТУРИЗАМ

## ДАЛИ ЌЕ СЕ ИСПОЛНАТ ОЧЕКУВАЊАТА ЗА РЕКОРДНИ БРОЈКИ ВО ТУРИЗМОТ?

**Пандемијата со ковидот помина, енергетската криза ги поскапи ресурсите, цените на продуктите и услугите се зголемија, што очигледно многу влијаеше врз туризмот. Секторот кој речиси секогаш е прв на удар на ваквите состојби претрпе доста и сè уште не може целосно да „застане на нозе“. Очекувањата во Македонија се дека рекордните бројки од пред кризата, конечно, по пауза од три години, ќе се достигнат годинава. Колку е тоа возможно и каков е пресекот на годината во поглед на искуствата на туристичките работници во првите шест месеци од 2023 година?**

# БРИТАНЦИТЕ ЈА „ОТКРИЈА“ МАКЕДОНИЈА

Во 2023 година, туристичкиот сектор влезе со огромни очекувања за враќање на странските туристи во Македонија. Конекциите кои беше тешко повторно да се воспостават по прекинот поради пандемијата и економската криза, како повторно да се регенерираа. Туристичките центри, а особено најголемиот – Охрид, се наполнија со Срби, Холанѓани, Турци, Полјаци, а од годинава и со Британци. Туристите од островот ја открија Македонија како дестинација откако се воведоа нови авиолинии и чартери од и до Манчестер и Лондон од Охрид, како и редовната линија на „Визер“ Скопје – Лондон. Поевтината храна и сместување им се привлечни на Британците со потенок џеб, но и на оние кои сакаат да истражуваат нови дестинации. Нивното присуство во земјава стана видливо откако и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот оваа пролет организираше едукативно патување во Македонија за новинарите со цел да ја промовираат земјава како нова неоткриена локација за истражување и релаксација. Па така, познатиот британски експерт за патувања Сајмон Калдер за летово ја препорача Македонија како држава што е „budget friendly“, а Охридското Езеро го нарече „дестинација за сите времиња“.

„Одлука за сите времиња летово ќе биде новата дестинација во Северна Македонија со летот од Манчестер до Охридското Езеро, кое е прекрасно. За 386 фунти по лице. Фантастично е. Јас сум бил таму. Апсолутно е прекрасно, езера, планини. Пријателски луѓе, одлични цени за речиси сè. Одете таму“, вели Калдер.

Инаку, од Британија бројката на гости ќе достигне од 5 до 7 илјади гости. Туроператорот ТУИ Велика Британија организира два чартер-лета неделно од Манчестер и од Лондон до Охрид. Се нудат пакет-аранжмани во времетраење до една недела.



**Првиот чартер-лет со британски туристи.**
*Извор: сдк.мк*



# ЗГОЛЕМЕН БРОЈ ТУРИСТИ ОД СРБИЈА И ОД ТУРЦИЈА

Поради веќе добро познатото заладување на билатералните односи со Бугарија, туристите од оваа земја годинава изостанаа во Македонија, а нивното отсуство особено се чувствува во најголемиот туристички центар Охрид. Се работи за околу 100 илјади ноќевања помалку оваа година. Затоа пак, новите чартери од Белград и Измир ја засилија соработката со Србија и со Турција.

Уште при крај на минатата година беа договорени чартер-летовите од Измир. Така, сезонава Турците се чести гости овде, но и македонските туристички агенции креираа и им понудија на македонските граѓани чартер-пакети за посета на Измир и околината, а не само на Истанбул и регионот на Анталија и Бодрум.

Забележан е раст од 70% на бројот на туристи и зголемување на остварените ноќевања за 65% од Турција за периодот од јануари до септември минатата година споредбено со истиот период од 2021 год. Учеството на турските туристи во вкупниот број на туристи во Македонија изнесува 12% за период јануари – септември 2022 година.

Според статистиките од 2022 година, еден турист во нашите туристички места троши од 85 до 95 долари на ден.

Она што е интересно и ново, би рекле, е тоа што Агенцијата за туризам одамна ја разбра потребата за креирање нови начини за привлекување туристи, па така, присуството на саеми за туризам повеќе не е доволно. Широкиот опфат на следбеници на социјалните мрежи си го направи своето. Луѓето многу полесно и побрзо се информираат за туристичките понуди, сместувачките капацитети и за евтини авиолетови преку Фејсбук и преку Инстаграм отколку преку традиционалните медиуми.

Токму затоа, страниците на социјалните мрежи редовно се ажурираат со нови податоци, а Агенцијата е фокусирана на онлајн-рекламирање на земјава. Таа дури и организира информативни патувања на влијателни инфлуенсери со цел да ги поттикне да ја фаворизираат Македонија за патувања преку социјалните мрежи.

Охрид атрактивен и за турските туристи.



# ДОМАШНИ ТУРИСТИ

На Македонците, се чини, требаше да им се случи кризата со ковидот за да ја откријат сопствената држава. Поради рестрикциите за патувања надвор од границите, пред три години, жителите „открија“ нови, досега не толку познати и промовирани домашни локалитети, како на пример археолошките наоѓалишта во Источна Македонија, Долината на кактусите во демиркаписко, интересните музеи во руралните подрачја, водопадите низ целата земја, а сè повеќе луѓе се впуштаат во активен туризам низ планините, особено во националните паркови.

Овој тренд се одржува веќе извесен период, на радост на многумина. Особено се задоволни луѓето во селските средини кои инаку би се опустошиле и би се иселиле и побрзо од очекуваното. Сега, три години подоцна, понудата на сместувачки капацитети е до толку проширена во некои непознати предели што можете да најдете поволни апартмани во напуштеното Мариово, ресторани и хотелчиња на Плачковица, вили на Кожуф, етнокуќи во Демирхисарско итн.

Туристичките агенции го препознаа овој потенцијал, па започнаа со организација на еднодневни и повеќедневни понуди. Сега се организираат вински тури со посета на винариите во Тиквешко и дегустирање на локални вина, тури низ обележјата на Тетово и околината, понуди за обиколка на водопадите и на манастирите околу Струмица, кружни тури околу Охридското и Преспанското Езеро и слично. И покрај тоа што за овие понуди има огромен интерес, особено кај постарите жители кои не располагаат со сопствено возило, велат дека агенциите не го препознаваат овој потенцијал во текот на летните месеци, кога турите изостануваат за сметка на понудите за летување во соседните држави. Имено, тие решавале да заработат од домашните туристи само кога временските прилики се понеповолни, во текот на пролетните и на есенските месеци.

**Бања Банско: Домашните туристи ја „откриваат“ неистражена Македонија.**



# ВРЕМЕНСКИТЕ НЕПОГОДИ ЈА „ПОТКОПАА“ СЕЗОНАТА

Еден од главните проблеми на македонскиот туризам е неговиот сезонски карактер. Главниот туристички центар Охрид живее за трите месеци на лето, во зима околу дочекот на Нова Година, празникот Водици, за Велигден, за некој продолжен викенд и толку. Познавачите велат дека земјава мора да поработи на проширување на понудата надвор од традиционалното и дека е потребно повеќе да се вложува во дигитализација, иновации, нови технологии.

Традиционално, летниот период е оној во кој туристичките работници „тријат раце“. И покрај позитивните бројки и растот на бројот на туристи, состојбата на терен се чини поинаква. Временските неприлики ја поткопаа сезоната. Јуни беше дождлив, јули со нестабилно време на стартот, па туристичка катастрофа беше на повидок. Хотелите, рестораните и кафулињата зјаеја празни и по повеќе од три недели. Сите надежи беа вперени кон август кога се очекуваше подобрување на временската прогноза. Сепак, на стартот на осмиот месец во годината, инаку клучен за туризмот во Македонија, се случи облачно и студено време, нестандардно за овој период од годината, кое траеше повеќе од 10 дена. Сонцето повторно силно огреа, но дали ќе биде доволно да ги „стопли“ џебовите на туристичките работници, останува да видиме. Пресвртот што се случи е само делумен.

Охриѓани велат, да, точно било дека градот е преполн, чаршијата бучна, расположението на ниво, а паркинзите стандарден проблем, сепак, некако профитот изостанува. Едноставно, луѓето не нарачувале како порано, ниту јаделе ниту пиеле како минатите сезони. Сметаат дека беспарицата се чувствува на секој чекор. Туристи има, но многумина ги преполнуваат маркетите наместо кафулињата и ресторанте. Вработените на една од охридските плажи велат дека кујната на ланч-барот некои работни денови затвора и пред 4 часот, што не се случило никогаш претходно. Некои плажи сезоната ја затворија веднаш по празникот Голема Богородица, свесно занемарувајќи го потенцијалниот профит во септември. Во туристичките населби Лагадин и Пештани велат дека доказ за тоа дека туристи нема или не трошат пари како порано биле празните места за празникот Илинден. Ако некогаш се барало место повеќе или, пак, примале повеќе гости од расположливиот капацитет, сега тоа не било случај. На крајот на август, некои од приватните вили кои издаваат апартмани на потегот Рача – Љубаништа, биле пополнети само 25%.

За разлика од нив, хотелите засега работат турбо.

„Туристичката сезона за Охрид ја поминуваме добро и е над очекувањата. Пополнетоста на хотелските капацитети во август е меѓу 80 и 90 отсто. Така ќе продолжи и во текот на септември, кога се најавени повеќе групни посети на туристи од странство. Вкупната оцена е позитивна. Но сега ги увидовме многуте недостатоци што не беа толку видливи во минатите години, кога имаше помала посетеност. По завршувањето на сезоната ќе треба да седнеме сите субјекти од туристичката дејност, да видиме каде сме и да направиме една стратегија за подолгорочен развој на туризмот во Охрид и во земјава. Треба да видиме каде сме во регионални рамки со туристичката понуда. Ако пред неколку години бевме многу подобри од една Албанија, сега треба да се соочиме со нејзиниот видлив напредок во развојот на туризмот“, рекоа од ХОТАМ за Нова Македонија.



Временските непогоди „ја поткопаа“ сезоната.

## ПОЗИТИВНА СТАТИСТИКА – 30% ПОВЕЌЕ ТУРИСТИ

3,3 милиони ноќевања и девизен прилив од 430 милиони евра – ова се таргетите на туристичката сезона за оваа година.

Според Државниот завод за статистика, бројот на туристи од јануари до јуни бил поголем за дури 30%.

Во јуни годинава земјава ја посетиле вкупно 110.319 туристи, од кои 23,5 отсто биле домашни, а 76,5 отсто странски туристи. Тие оствариле вкупно 225.092 ноќевања, при што 30,6 отсто од ноќевањата ги направиле домашните, а 69,4 отсто странските туристи.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во периодот јануари – јуни 2023 година, во однос на истиот период од претходната година, бројот на туристите е зголемен за 30,1 отсто, при што кај домашните туристи има зголемување за 2,8, а кај странските за 46,8 отсто. Бројот на ноќевањата, пак, е зголемен за 18,8 отсто, кај домашните туристи има намалување за 1,2 отсто, а кај странските има зголемување за 32,9 отсто.

Сепак, порастот од 30% можеби се чини голем, но треба да се има предвид ниската споредбена основа од лани. Ако Агенцијата за туризам сака да ги достигне бројките од референтната 2019 година, тоа барем засега не се случува. Во првите 6 месеци земјава ја посетиле 413.000 туристи, што сепак е помалку од 450.000 во првите шест месеци во 2019 година.

Исто е и со бројот на ноќевања. Во првите 6 месеци имало 822 илјади ноќевања, наспроти 944 илјади во истиот период во 2019-та година.

## 27 СЕПТЕМВРИ – СВЕТСКИ ДЕН НА ТУРИЗМОТ

Овој 27 септември, како и секоја година, се одбележува Светскиот ден на туризмот. Главниот настан ќе се одржи во Ријад, Саудиска Арабија, во организација на UN-WTO (Светска туристичка организација при Обединетите Нации). Организацијата ги идентификуваше инвестициите како еден од клучните приоритети за закрепнување на туризмот и за неговиот иден раст и развој. За Светскиот ден на туризмот во 2023 година, UNWTO ја нагласува потребата од повеќе и подобро насочени инвестиции за луѓето и за планетата. Се смета дека сега е време за нови и иновативни решенија кои ги промовираат и ги поткрепуваат економскиот раст и продуктивноста, а не само за традиционални инвестиции.

Светскиот ден на туризмот во 2023 година ќе биде повик за акција до меѓународната заедница, владите, мултилатералните финансиски институции, развојните партнери и инвеститорите од приватниот сектор да се обединат околу нова стратегија за инвестиции во туризмот.

UNWTO ја нагласува потребата од повеќе и подобро насочени традиционални и нетрадиционални инвестиции. Се работи за вложувања во човечкиот потенцијал, одржливост на планетата и иден развој, такви што треба да овозможат туризмот да го постигне својот масовен потенцијал и да овозможи повеќе можности за вработување на луѓето, како и градење на што поотпорни економии.

На Светскиот ден на туризмот, UNWTO сака да промовира достапност на патувањето за секого, вклучително и за оние со попреченост и за луѓето со ниски приходи.

27 Септември, Светски ден на туризмот.





Туризмот е еден од водечките работодавачи во светот.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО КВАЛИТЕТЕН КАДАР

Туризмот е еден од водечките работодавачи во светот. Во 2019 година, секторот вработуваше едно од 10 лица низ светот и се покажа како алатка за економска диверзификација, но и како можност за вработување голем број луѓе со голем мултипликативен ефект врз другите сектори што придонесуваат за руралниот развој. Туризмот во руралните области може особено да има корист од традиционално обесправените групи како што се жените, кои сочинуваат 54% од работната сила во туристичкиот сектор наспроти 39% во цела економија. Туризмот е исто така лесно достапен сектор за микро- и за малите претпријатија, како и за самовработувања, кои сочинуваат значителен дел од туристичкиот сектор.

Во земјите во развој, 50% од младите не се во можност да работат во туризмот поради недостигот од можности, ресурси или пристап до академска обука. Понатаму, сегашното образование и можностите за обука се неурамнотежени, со голем акцент на менаџментот со хотелите. Во иднина, до 2030 година, глобалната работна сила во туризмот ќе бара милион дипломци за угостителство годишно, а за дополнителни 800.000 работни места годишно ќе се бара специфична стручна обука.

## ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА НА ТУРИЗМОТ

Инвестициите во хотелски капацитети ќе имаат клучна улога. Глобалниот обем на хотелски инвестиции се зголеми за 131% за само една година, што во вкупна вредност изнесуваа 66,8 милијарди американски долари.

Потребата за намалување на штетните емисии на гасови, пак, отвора можност за инвестирање на 24,7 трилиони долари во секторот на зелени екостанбени комплекси во градовите во развојните економии до 2030 година, од кои на хотелите, одморалиштата и на ресторанite отпаѓаат 1,5 трилиони долари.

На конференцијата по повод Светскиот ден на туризмот во Ријад учесниците ќе се обидат да најдат решенија за повеќе прашања од исклучително значење за секторот како на пример:

- Како можат владите да ги промовираат домашните и меѓународните инвестиции во туризмот и како да ги подобрат регулативите во своите држави за да го олеснат нивниот старт?

- Како да се најдат начини за поголеми вложувања во едукација на работниците во туризмот и во угостителството?

- Кои се финансиските инструменти кои можат да ги поттикнат претприемништвото и иновациите?

- Како да се намали финансискиот јаз во примањата на мажите и жените во неразвиените економии?







# МОЈА ОПШТИНА

## ИНТЕРВЈУ СО КОСТАДИН КОСТАДИНОВ

*Градоначалник на Општина Струмица*

*„Образованието е од исклучителна важност за секоја една индивидуа, а особено за младите луѓе кои се идните столбови на заедницата. Како градоначалник на Општина Струмица, цврсто стојам на ставот дека учењето е мајка на знаењето и верувам дека инвестирањето во образованието е сериозна одговорност со која се поставуваат темелите за просперитетна и одржлива иднина. Во оваа насока, како Општина се залагаме за поддршка на учениците и на студентите преку различни иницијативи и признанија“*, вели во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент градоначалникот на општина Струмица, Костадин Костадинов. Тој ја потенцира и соработката со Универзитетот Скопје, партнерство што во практиката значи проширување на образовните можности за младите, бидејќи без учење, нема знаење, а без знаење, не може да зборуваме за прогрес.

# КОСТАДИНОВ: ИМАМ ДОЛГОРОЧНА ВИЗИЈА И СТРАТЕГИЈА ЗА КОНТИНУИРАН РАЗВОЈ НА ОПШТИНАТА

## Прогресивна Струмица – пример за планско и за систематско работење подеднакво за сите граѓани



**Кога станавте градоначалник, најавивте програма во која акцентот го ставивте на тековните проблеми, но најавивте и нови проекти. Дали сте задоволни од сработеното? Колку пандемијата, која ја наметна и економската криза, беше „камен на сопнување“ за реализација на замисленото на половината од Вашиот мандат?**

На локалните избори ја добив мнозинската поддршка од граѓанките и од граѓаните на Општина Струмица, доминантно поради програмата со која се кандидирав за градоначалник. Тој стратешки документ го изработив во соработка со сериозна група луѓе, професионалци и соработници, врз реална основа и со конкретни активности, сè во правец на потребите на струмичани. Секако, земајќи ги предвид околностите, условите и кондицијата на Општина Струмица и секако, потенцијалите за развој кои ги увидов.

Денес, слободно можам да потенцирам дека планираните активности се реализираат согласно утврдената динамика и приоритети. Тука многу е важно да се потенцира фактот дека локалната самоуправа е жива материја и умешноста на секој градоначалник како менаџер е да се справува со сите предизвици и потреби, како за граѓаните, така и за целосната општинска инфраструктура.

На тој пат има многу отворени прашања, дилеми и секако проблеми кои треба да бидат решени, и тука нема дилема – мора да се борите за да ги постигнете зацртани планови од една страна и да успеете да ги задоволите потребите и барањата на жителите на Општина Струмица, од друга страна.





Костадинов помеѓу граѓаните.



Силно верувам во постигнување рамнотежа помеѓу планираните, долгорочни, како и тековните, краткорочни активности за да се обезбеди одржлив раст и просперитет на локално ниво. Во таа смисла, сметам дека од суштинска важност е согледувањето на ад-хок барањата и потребите на жителите, како и решавање на тековните ситуации. Динамичната природа на работата бара брзо приспособување на акутните состојби и предизвици, непредвидени околности или итните работи што ги засегаат струмичани. Без разлика дали се работи за одговор на непогоди од природен карактер, како дождови или топлотен бран, економски флуктуации или социјални прашања, сметам дека е најважно да се биде агилен и да се реагира.

Исто така, за мене е важно да се гледа и надвор од општинските граници и затоа, важна е соработката и поддршката од меѓународните партнери на Општина Струмица. Преку воспоставување силни и долготрајни врски со колегите градоначалници и други претставници од различни земји, креираме можност за споделување знаење, иновативни идеи и заемна поддршка. Колаборативните иницијативи со меѓународен карактер ги отвораат вратите за можности за финансирање, за инвестирање и културни размени кои ја збогатуваат Општина Струмица. Плод на ова се и големиот број успешно реализирани проекти, меѓу кои „Струмица – паметен вело град" проект со кој Струмица е првата македонска Општина која воведува нов и современ вид сообраќај со изградени велосипедски патеки по примерите на најразвиените градови во ЕУ, а обезбедуваме и субвенции за купување нови велосипеди. Изграден е првиот булеварски мост во историјата на Струмица „Обединување" на реката Водочница. Овој мост е основата за реализација на уште поголем проект, изградбата на новиот булевар „Братство – единство" со кој се добива ново грло во градот и нов пазар. Проектот е вреден 30 милиони денари, средства обезбедени од општинскиот буџет. Струмица доби нова детска градинка, младински центар, повеќенаменски спортски игралишта, првиот скејт-парк, реконструирани улици

и патишта, инфраструктурно дополнување во градот и во населените места. Дел сме од глобалната заедница која се соочува со идентични предизвици – климатски промени, урбанизација, технолошки напредок. Размената на практиките и на научените лекции за мене се покажале како одличен начин, добро информиран да донесувам одлуки за стабилно чекорење на Струмица кон прогрес.

**Во Струмица сите сме исти, рековте на отворањето на првиот клуб за лица со Даунов синдром во земјава. Порака за поздравување со оглед на фактот дека малкумина имаат слух за лицата со посебни потреби. Како дојдовте до идејата и кои се првите реакции на Вашите сограѓани?**

Потенцирав дека работам плански и со реално подготвена програма која е фокусирана кон различни општествени целни групи. Второ, социјалната одговорност и инклузијата се вредности кои задолжително мора да бидат земени предвид кога станува збор за креирање политики, не само општински, туку и национални.

Лицата со атипичен развој се еднакви граѓанки и граѓани, кои во ниеден случај не може и не смее да бидат изолирани и ставени во друга категорија. Сите ние имаме еден живот и мора да го живееме максимално и во соодветни услови кои треба да одговараат на секој еден од нас. Токму во тој правец подготвивме проект за отворање клуб наменет за лицата со Даунов синдром. На овој начин, преку нивната интеграција низ различни активности кои ќе се реализираат во клубот, пред сè ќе поттикнеме зголемена социјализација и дружење и преку заедничка вклученост на лицата со и без пречки во развојот, ќе стимулираме инклузија, истовремено поттикнувајќи поголем развој и инволвираност на лицата со Даунов синдром во секојдневните активности, во различни сфери.

**Проблемот со бездомните кучиња го има речиси секоја општина во земјава, но никако да се најде решение. Вие сте единствени кои работевте системски на проблемот. На кој начин Ви успеа да дојдете до финалното решение и да отворите стационар за нив?**

Бездомните животни се отворено прашање во речиси сите урбани средни во нашата држава. Сведоци сме на децениски напори и усилби за решавање на нивниот статус, секако, со имплементација на хумани методи, како од национални органи и тела, така и од голем број активисти и доброволци.

Анализата на акутната состојба во Струмица ме натера да размислувам во правец на локално решение преку изградба на стационар за третман и згрижување бездомни животни. Во максимално брз рок, во соработка со група експерти и секако, врз основа мандатот кој го имам, денес со задоволство можам да кажам дека Струмица има модерен и високо функционален стационар во кој месечно се заловуваат и се третираат меѓу 70 и 80 животни.

Практиката во управувањето и од функционирањето на ЈП Стационар за бездомни кучиња „Лана“ покажа дека имплементацијата на ваквата методологија има сериозен успех во редуцирањето на бездомните животни. Само како илустрација и потврда на кажаното е фактот дека од стационарот услуги бараат голем број македонски општини, нешто што дополнително ме прави задоволен од одлуката да се направи ваков еден центар.

**Преку програма на Владата за капитални дотации обезбедивте средства за изградба на Домот на културата во село Куклиш. Вашите колеги од опозицијата би констатирале дека е привилегија да се биде на местото градоначалник од партијата на власт. Што би им реплицирале?**

Ја поздравувам одлуката на Министерството за култура што препозна сериозност и стратешки пристап во повеќето кандидирани

проекти од Општините кои имаат национално значење. Дополнително, за пофалба е распределбата на буџетските средства според квалитет, а не според партиска припадност. Како што видов на заедничката средба при доделувањето на дотациите, на една иста маса седевме градоначалници од сите партии, факт кој укажува дека социјалдемократијата во практика мери квалитет, а не партиска определба.

**Соработувате со повеќе невладини организации, а градот одвои средства за поддршка на нивните проекти. Кои проекти се од големо значење за Вас и се приоритет за финансирање?**

Изборот на проекти за финансирање се мери по два елементарни критериуми: реална потреба и квалитет. Во таа смисла, секогаш и без исклучок одлуките се носат врз основа на елементи во корелација со овие два параметри. Тука, сакам да потенцирам дека како општина сме отворени за соработка, но истовремено сакаме да овозможиме квалитет и вистински решенија за нашите жители.

Конкретно, интенцијата за интегрирање на граѓанскиот сектор во активностите на локално ниво резултираше со одвојување на околу 6 милиони денари од буџетот на Општината за 2023 година за вкупно 26 проектни иницијативи колку што беа пријавени по распишаните јавни повици. Сите проекти на невладините организации ги исполнуваа условите и се поддржани од општина Струмица. Тоа се проекти од трите програми за локален економски развој и туризам, социјална заштита и еднакви можности меѓу жените и мажите, кои се вклопуваат во општинските приоритети за оваа година и се во интерес на граѓаните.

Во оваа насока, верувам дека соработката со невладиниот сектор ќе продолжи и понатаму, а ги охрабрувам оние организации кои имаат проект од реален интерес за жителите на општина Струмица да изготват квалитетни проектни решенија и детални, конкретизирани предлози кои може да се имплементираат. Секако, ова не значи дека секој од проектите доаѓа во фаза на реализација, туку напротив, поминува низ процес на соодветна селекција.

**Општина Струмица крена многу прав во јавноста со исфрлувањето на терминот**



Костадинов со поддршка за невладините организации.






Костадинов на терен.





**родова еднаквост од документите со Ваша поддршка, по што бевте жестоко нападнати од организациите што промовираат родови политики. Каков е Вашиот став сега, очекувате ли и други општини да го следат потегот на Општина Струмица, како што веќе има најави?**

Личниот став го потенцирав во неколку наврати и тој е непроменет. Јас сум градоначалник на сите жители на Општина Струмица, така е и така ќе биде сè додека ја имам довербата од моите сограѓани.

**Ве осудија дека сте недемократ со тоа што ја забранивте соработката со оние организации кои јавно Ве нападнаа. Се сметате ли за недемократ?**

Оценката за мојата работа, како за начинот на управувањето, така и за политиките кои ги креирам се проверуваат на два начина: на избори и тековно, со анкети. Свесен сум за предизвиците со кои се соочувам секојдневно, секако и за осудите и за нападите. Всушност, тоа вистинската демократија – кога е дозволено и постои можност јавно да се каже што се мисли и што се чувствува. Тоа право го има секој еден човек во системот во кој управувам со Општина Струмица. Инаку, сè спротивно би било диктатура и режим.

**Кој е Вашиот став за отворањето рудници во Струмичката Котлина? Граѓаните не сакаат рудници, но сè уште има обиди тие да бидат отворени. Што ќе направите за да им помогнете на граѓаните да го заштитат своето право на живот во чиста и здрава околина, за што, впрочем, имате и програма, а Вие истакнавте дека ви е многу битен сегмент?**

Јас, како градоначалник на Општина Струмица, за жал, не можам да дадам никаква поддршка ниту да донесам каква било одлука во врска со проблематиката на концесиите на двата рудника кои гравитираат на територии на други локални самоуправи. Секако, во ваква една ситуација ја земам предвид народната поговорка дека „кога во туѓ двор мечка оро игра....“, и состојбата секако дека ја следам со должно внимание. Оттука, сакам да ги охрабрам сите инволвирани да го изнајдат оптималното решение со кое ќе

бидат опфатени сите засегнати страни, секако, имајќи го предвид општото, јавно добро.

**Задоволни ли сте од инфраструктурната поврзаност на Струмица? Што најмногу му недостига на градот?**

Задоволен – да, со иницијативи и идеи за уште поинтензивен развој и прогрес на целата општина. Кога зборуваме за Струмица, на картата подеднакво ги гледам градот и населените места, без исклучок. Тоа е еден длабоко поврзан систем, како во дневно миграциска смисла, така и во социо-економска. Токму затоа, планирањето на Општината е интегрален процес каде што задолжително треба и мора да се внимава на секоја една населба.

Поврзаноста е клучен фактор и токму затоа сериозен дел од општинскиот буџет е наменет за развој и унапредување на оваа инфраструктура. Изградена е спортска сала во селото Муртино, се гради нов дом на културата во Куклиш, рехабилитирани се локални патни правци, асфалтирани се улици во неколку населени места, тампонирани се полски патишта, зголемен е опфатот во уредувањето на фекалната и на атмосферската канализација. Во моментов се реконструираат детските и спортските игралишта и парковите со средства од 10 милиони денари од општинскиот буџет во населените места.

Секако, планот и програмата се во редовна фаза на реализација, а во среднорочниот план акцентот е ставен на проектот за јавен екопревоз, прв од ваков вид во регионот. Со овој чекор, преку воведување целосно електричен јавен превоз, покрај планот за олеснување на секојдневното транзитирање во рамки на општината, размислуваме и долгорочно за позелена, еколошка Струмица.

**Што би сакале да направите за градот кога буџетот на општината би дозволувал, односно, кога Општината би имала доволно пари?**

Желби имам многу, а онаа која доминира е Струмица да е прва општина во државата со целосно електричен јавен превоз и целосна реализација на досега најголемиот проект во општина Струмица за изградба на станбена населба со објекти за сместување на социјално загрозени семејства над градот во месноста „Чамлк“. На проектен опфат од 3,34 хектари ќе бидат изградени 100 типски куќи и ќе бидат создадени квалитетни услови за живот за жителите од долното и горното Турско Маало, со што никој нема да остане без покрив над главата. Секако, кога се има визија, целта полесно е достижна.

**Универзитетот Скопје интензивно соработува со општините во Македонија. Колку стипендиите од Универзитетот се мотив за младите и талентирани ученици од Струмица да стекнат знаење и да се образуваат на оваа високообразовна институција?**

Образованието е од исклучителна важност за секоја една индивидуа, а особено за младите луѓе кои се идните столбови на заедницата. Како градоначалник на Општина Струмица цврсто стојам на ставот дека учењето е мајка на знаењето и верувам дека инвестирањето во образованието е сериозна одговорност со која се поставуваат темелите за просперитетна и одржлива иднина. Во оваа насока, како Општина се залагаме за поддршка на учениците и студентите преку различни иницијативи и признанија.

Свесни сме за финансиските оптоварувања кои се често придружен фактор во изборот на високото образование и како резултат на тоа, преземаме активности кои ќе го направат образованието подостапно за заслужните и мотивирани студенти, без оглед на нивната економска заднина. На наше задоволство, соработуваме со образовни институции меѓу кои и Универзитетот Скопје. Во практиката, со ваквите партнерства ги проширивме образовните можности за нашата младина, обезбедувајќи пристап до поголем опсег на академски програми и специјализирани



области на студии.

Преку имплементација на стратегијата која е фокусирана кон поддршка на образованието и третман на талентираните и надарени ученици, посветени сме да ги негуваме и да инвестираме во идните лидери на Струмица. Верувам во безграничниот потенцијал и способностите на младината и токму затоа, наша должност е да им ги обезбедиме алатките и можностите кои им се потребни за да процветаат. Затоа што без учење, нема знаење, а без знаење, не може да зборуваме за прогрес.

**Струмица е град на Карневалот, Горан Пандев, Гоце Арнаудув. На многу музички и спортски таленти. Колку сте подготвени да издвојувате средства за нив и да ги поддржувате во кариерата?**

Ако ме прашате лично, да, за мене културата и спортот се основниот мотор и главниот двигател во правец на промоција на секое едно општество. Само ако се запрашаме кои 10 имиња ви се први на ум, со голема сигурност тоа ќе бидат културни или спортисти работници. Ова треба да нѐ охрабри сите нас кои имаме мандат за управување, независно дали е тоа извршна или неизвршна власт, централна или локална. Спортот и посебно културата задолжително треба да имаат примат во распределбата на финансиите.

Ова е моја и девиза на Советот на Општина Струмица и токму затоа во рамки на приоритетите во корелација со можностите се издвојуваат материјални средства и се изнаоѓаат начини за нематеријална поддршка за сите струмички амбасадори кои под личниот потпис ја потпишуваат и Струмица.





Костадинов во поддршка на спортот во Струмица.



# РЕПОРТАЖА



Само сонцето е постаро од Македонија, затоа тоа е и нејзин симбол од памтивек до денес, симбол под кој во антиката македонските владетели Филип и Александар ја изградиле големата Македонска Империја. Симбол чија енергија ги благословила бистрите реки, езерата и плодната почва на Македонија – тајниот рај на Европа, светската Еденска градина. Македонската приказна одекнува и во 21. век: и денес низ Македонија можат да се видат материјални остатоци од славното минато. Многу патници, посетители и туристи од целиот свет сè повеќе се интересираат за тајниот рај на Медитеранот – на

**Охридското Езеро е едно од најстарите во светот.**
*Озвор: prirodniubavinivomk.weebly.com*



# САМО СОНЦЕТО Е ПОСТАРО ОД МАКЕДОНИЈА

средината на земјата. Катена мунди. Папокот на светот.

Древната македонска цивилизација не може да биде спознаена од луѓе кои не се подготвени да се соочат со промена на спознавањето на реалноста преку наметнатите стории од нечии си истории. Денешната Република Македонија се наоѓа на територија која е преполна со културно наследство, од кое голем дел внимателно се крие од староседелците поради искуствата од минатото. Македонија изобилува со природни ресурси, културно наследство, жива сегашност и потенцијал за мирна иднина.





# ШТО МОЖЕ ДА СЕ ПОСЕТИ, ДА СЕ ВИДИ И ДА СЕ НАУЧИ ВО МАКЕДОНИЈА?

Република Македонија е планинска земја на чија територија има околу 40 планини, од кои 12 се повисоки од 2.000 метри, со над 250 интересни и впечатливи врвови, од кои 85 се високи над 2.000 метри надморска височина. Македонија е државата со најмногу планини – самостојни планински целини и планински масиви, не само во Европа, туку и пошироко. Во Република Македонија има околу 50 големи и мали езера, а Охридското Езеро е едно од најстарите во светот. Дојранското Езеро е едно од езерата во Европа со најмногу риба. Во Македонија се регистрирани над 1.500 водотеци, рекички и реки со должина од над 11.500 километри.

Македонија има илјадници потврдени археолошки локалитети од сите познати ери и епохи на минатото. Во Македонија се наоѓа една од најстарите опсерватории во светот – Кокино. Во Македонија можат да се видат многу камени и геоморфолошки форми – Куклици, Дигнат Камен, Говедар Камен, Редени Камења, Цоцев Камен, и уште многу локации на кои постојат камени и земјени формации што ги воодушевуваат посетителите. Во Македонија се откриени огромни градови од антиката. Македонија изобилува со остатоци од некогашни тврдини. До речиси секој град и во атарите на многу села уште се гледаат ѕидини од старите утврдувања. На територијата на Македонија се откриени и многу стари мозаици. Ренесансата започнала од Македонија. До речиси сите градови во Македонија постојат видливи остатоци од тврдини, градови, храмови и населби. Тетовското кале, штипскиот Исар, Виничкото кале, Струмичкото кале се само неколку од тие стари утврдувања. За една од најпознатите македонски тврдини, охридската, се знае дека постоела уште во далечната антика, а била обновувана и градена од Филип Македонски, Јустинијан и Самуил. Во Македонија можат да се видат многу стари цркви, кои датираат од ранохристијанството, па сè до почетокот на 20. век. Охрид е градот кој е нарекуван Ерусалим на Европа,

**Македонија е земја со најмногу планини.**
*Озвūр: mojrodenkraj.com.mk*





Кокино.



духовната престолнина на Македонија во која постоеле 365 цркви – по една за секој ден во годината.

Каменот си тежи на своето, а старите градби и ден-денес се утврдени за да се чудат денешните луѓе на силата и слогата на старите Македонци. Мајсторството на македонските градители останало за век и веков, за да памти светот и векот која е Македонија и кои се Македонците. Наследниците на најголемиот крал во Европа Филип Македонски и неговиот син, владетелот на големата Македонска Империја, Цар Александар Македонски. Македонија претставува вистински музеј на отворено, со илјадници сведоштва на неприкосновеното духовно владеење на македонската уметност и култура.

Македонците се едни од најстарите народи кои имале своја организирана држава – кралство, кое станало царство, па дури и империја. И во средниот век Македонците имале свои војводи и кнезови, а сите владетели на Македонската земја инсистирале



Виничко кале.
*Озвӣр: adhoc ireason*





**Археолошкиот локалитет Скупи.**
*Извор: zmurh hr*



нивните наследници да се родат тука, затоа што во Македонија се раѓале големи јунаци. Македонија е преполна со преданија, митови и легенди. Во многу краишта на Македонија уште се раскажува за Крал Марко, за Цар Константин и Царица Елена, за војниците на Цар Самуил, за Големиот Јустинијан, но и за Цар Александар Македонски. Дури постојат и локации за кои се верува дека биле посетувани од Александар Македонски. Народните легенди одат до приказни и преданија и за тоа дека гробот на Александар Македонски се наоѓал во Македонија и дека дел од библиската приказна се случувала на македонска земја. Во Македонија бил роден и еден од најславните владетели во Европа, Јустинијан Први.  И од неговото време постојат видливи траги низ Македонија, од кои многу се наоѓаат и во Скопје. Јустинијан ја обновил старата античка тврдина – денешното Скопско кале и го обновил или изградил големиот Камен мост. Со сигурност повеќе од еден и пол милениум, луѓето ја поминуваат древната река Аксиј, стариот Вардар, преку овој мост изграден од камења. Се верува дека во тврдината се вградени и делови од разурнатиот Скупи, а при археолошките истражувања биле потврдени пронајдоци од неолитот и бронзената доба, па сè до средниот век.

Храната во Македонија не остава никого рамнодушен. Македонија е земја во која можат да се вкусат стари рецепти. Доколку имате среќа да посетите некој од народните собори во селските цркви, би се увериле во старата традиција за приготвување на храната на Македонците.

Македонија има реки, планини, полиња, природни реткости, културно наследство кое е датирано од најдалечната праисторија, па до новиот век и огромен потенцијал за развој на туризмот. Освен најчесто рекламираните локации, во Македонија постојат безброј стари археолошки локалитети, цркви, култни места, шуми, клисури и кањони, кои допрва ќе бидат светска туристичка атракција. Туристите кои патуваат низ Македонија имаат ретка можност да се запознаат со природни ресурси и културно наследство кои се ретки не само во регионот, туку и во светот. Палеолитски станици, неолитски живеалишта, антички градови и храмови, ранохристијански базилики, средновековни цркви и тврдини, живи реки и прекрасни пејсажи, ендемска флора и фауна, и што ли



**Македонска традицинална трпеза.**
*Извор: Македонска кујна Macedonian cuisine*



уште не. Нема посетител од друга земја кој бил во Македонија, а да не е воодушевен од духот на Македонија кој им овозможува на сите посетители да научат нешто за древната таинствена земја. Сите туристи ги паметат автентичните македонски јадења кои ги вкусиле при посетите на Македонија. Македонците допрва треба да го спознаат потенцијалот на својата земја  за туристички развој и разумно да го употребат, а со тоа да станат пример и за останатите. Затоа што интересот на странските посетители и туристи се зголемува постојано, а побарувачката за посета на локации какви што има во Македонија не престанува да расте. Патниците во третата деценија од 21. век го бараат токму она што го нуди Македонија – одлична авантура, фантастична храна, прекрасна природа и светска култура. Сите што патуваат и кои се во потрага по локации каде што ќе уживаат во природата или одблизу ќе се запознаваат со културното наследство од старите цивилизации, треба да ја посетат земјата на Големата Мајка и Сонцето. Скриениот рај на Европа. Музејот на отворено, древната земја од која е постар само нејзиниот симбол – сонцето, Македонија.



**Големата мајка.**
*Извор: store.museum.org*

# НАГРАДИ






International Business
TOP OF BUSINESS 2023
IBI
INTERNATIONAL BUSINESS INSTITUTE
AMBASSADOR 20

# РЕКТОРОТ АЦЕ МИЛЕНКОВСКИ ГО ДОБИ ПРИЗНАНИЕТО „АМБАСАДОР НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2023“

**Универзитет Скопје со уште едно меѓународно признание за квалитет во високото образование. Оваа престижна награда го признава извонредниот придонес на Универзитетот во деловното образование и неговото значајно влијание врз обликувањето на следната генерација бизнис-лидери.**

Ректорот Аце Миленковски ја прима наградата „Амбасадор на образованието за 2023“.








Обраќање на ректорот Миленковски.

Ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, ја доби титулата „Амбасадор на образованието за 2023“ поради неговата истакната улога во промовирањето на образованието, подигањето на свеста за неговото значење и застапувањето за политики и иницијативи кои ги подобруваат можностите за учење за поединци и заедници.



Ректорот Миленковски во друштво со останатите наградени.



Наградите „The Top of Business 2023 - Business Leaders Awards“ се признанија што ги доделуваат „International Business Institute“ и „IB Magazine“, кои работат повеќе од 20 години, препознавајќи ги најголемите професионалци, компании и институции преку својот уреднички тим. Оваа година церемонијата за доделување на наградите се одржа во Рим, Италија, со присуство на бизниси од повеќе од 10 земји, меѓу кои и Универзитетот Скопје.

Универзитет Скопје уште еднаш доби меѓународно признание за своето деловно образование, како и за значајната улога што ја игра во обликувањето на следната генерација бизнис-лидери.

**Универзитетот Скопје уште еднаш доби меѓународно признание за своето деловно образование.**



# ЛУКА ЦИНДРИЌ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ ГО ОДБРАНИ СВОЈОТ ДИПЛОМСКИ ТРУД „СПОРТОТ И СПОРТСКИТЕ НАСТАНИ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИЗМОТ“

Брз, пробивен, бескомпромисен, со одличен силен и отсечен шут, роден победник. Ноќна мора за сите голмани против кои играл, и од дистанца, и од 6 метри и од белата точка. Вака во кратки црти би ги опишале ракометните перформанси на Лука Циндриќ, кој речиси цела деценија е миленик на публиката во Македонија каде и да игра и перјаница и главен креатор на играта на хрватската репрезентација. Постојано се враќа во Македонија и постојано наоѓа време да се види со своите стари пријатели во Скопје, да се фотографира со армијата верни фанови и да се потсети на најубавите мигови во Вардар и на освоената титула во Лигата на шампионите, за која вели дека му е најдрага од повеќе причини.



Циндриќ го избра Универзитетот Скопје за да добие диплома со која ќе ја оствари својата животна цел.



Иако е на излезна врата од Барселона, која годинава одлучила да го стегне ременот и малку да штеди, тој е свесен за своите потврдени вонсериски квалитети и воопшто не се грижи за својата иднина. И додека навивачите на Вардар веќе неколку години се надеваат дека повторно ќе го видат во клубот, тој во средината на јули повторно го посети омиленото Скопје за да го заокружи своето образование и за да стане академски граѓанин. Тој го избра токму Скопје и Универзитетот Скопје за место каде што ќе ја реализираа оваа цел.

Лука Циндриќ на 21 јули годинава го одбрани својот дипломски труд со наслов „Спортот и спортските настани во функција на туризмот" под менторство на проф. д-р Мијалче Ѓоргиевски. Додека настапуваше за РК Вардар од Скопје, тој размислувал за својата иднина и тоа што би правел по завршувањето на спортската кариера. Затоа се одлучил да се запише на Факултетот за туризам при тогашниот УТМС, а сега Универзитет Скопје. Бидејќи Лука Циндриќ потекнува од Огулин, едно мало место во Република Хрватска кое не е многу далеку од морскиот брег, тој има планови во иднина да инвестира во хотелски бизнис и како голем број хрватски граѓани, да се бави со туризам. Токму од тие причини и го избрал Факултетот за туризам на

Универзитетот Скопје, кој е еден од водечките во регионот според својата студиска програма и квалитетната настава, а со цел да се стекне со основните познавања за туризмот. Како учесник на голем број спортски настани (светски и европски првенства, олимписки игри) кои се посетени од голем број гледачи, Лука Циндриќ го искористил тоа свое искуство да го преточи во дипломски труд. Притоа, од голема помош му биле и методологијата и начинот на студирање на Универзитетот Скопје. Особено во периодот кога се појави короната и кога се премина на учење на далечина, тоа многу му олеснило да ги заврши своите студентски обврски навреме додека неколку години настапува во РК Барселона и е еден од најдобрите ракометари во светот.

Лука Циндриќ е 30-годишен хрватски ракометар со блескава кариера. Кариерата ја започнал во младинските екипи на РК Огулин и РК Сењ, а во 2012 година станал дел од сениорскиот тим на РК Карловац. Успешните игри и постигнатите 243 голови за Карловац во првата своја сезона биле препорака за РК Металург од Скопје да потпише со него договор во јануари во 2014 година. Одличното вклопување на Циндриќ во тогашниот моќен тим на Металург значеше освојување на македонското ракометно првенство во 2014 година, како и пласман во четвртфиналето на Лигата на шампионите. Игра на позицијата централен бек, висок е 181 цм, а тежок е 91 кг. Во 2015 година преминува во лутиот ривал на Металург, РК Вардар, и за кратко време станува вистински миленик на Комитите. Во Вардар настапува сѐ до сезоната 2017/18, и во овој период освои сѐ што еден ракометар може да освои на клупско ниво: Сеха-лигата, македонското првенство и секако, Лигата на шампиони, кога сите предвреме го отпишаа Вардар од борбата за вредната титула.

На незаборавниот полуфинален меч во Келн во 2017 година, при резултат 25:25, Циндриќ постигна прекрасен гол на четири секунди пред крајот. Тој гол значеше елиминација на моќната Барселона и пласман на Вардар во финалето од Лигата на шампионите. Два дена подоцна, Лука Циндриќ го подигна и вредниот пехар на ЕХФ за освоената Лига на шампиони во преполната арена во Келн и долго прославуваше со македонските верни навивачи, кои не жалеа време и пари за да отпатуваат до Германија и да го бодрат својот Вардар.

Лука Циндриќ со Вардар во 2017 година освои пет трофеи, беше избран за ракометар на годината во Хрватска, а беше избран и за најдобар ракометар во Европа за 2017 година во изборот што го спроведе Европската ракометна федерација (ЕХФ). По разделбата со Вардар, Лука Циндриќ настапуваше една година за полскиот тим Киелце, а од 2019 година до денес настапува за Барселона, со која повторно уште двапати успеа да се искачи на европскиот трон. Во меѓувреме, даваше целосен придонес во сите настапи на ракометната репрезентација на Хрватска на сите светски и европски првенства и постојано беше еден од креаторите на нејзините успешни резултати.

За годините поминати во Скопје, Лука изјави: „Во 2013 година преминав во Металург и тогаш започна мојата вистинска авантура, а во 2015 година останав во Скопје, но му се приклучив на Вардар. Тоа беше нешто сосема поразлично, и таму ги поминав најубавите денови од мојата кариера. Тие три години во Вардар беа неверојатни, а најсветол момент беше освојувањето на Лигата на шампиони во 2017 година, кога никој не го очекуваше тоа, но нашиот тимски дух беше посебен."

Во јули во 2022 година Лука се ожени со долгогодишната партнерка Лара Стипетиќ, со која е заедно од средношколските денови. Парот во јули 2020 година ја доби ќерката Алиса. Тогаш, за време на ковид-кризата, пресреќен од добиената можност да стане родител, Циндриќ напиша на социјалните

мрежи: „Вакви тестови вселената им дава само на најсилните. Алиса, добро ни дојде на овој убав свет.“

Интересно е што на свадбата, за забавата на присутните била задолжена хрватската поп-ѕвезда Маја Шупут, која имаше свое шоу, а Циндриќ во текот на свадбата, во свој елемент, фрлил кон неженетите гости ракометна топка.

Од ракометните легенди на свадбата присуствувале: Марино Мариќ, Јуре Доленец, Марин Шипиќ, Блаж Јанц, Марко Мамиќ, Филип Ивиќ и многу други.

По многу нешта јули е магичен месец за хрватскиот ракометен ас. Во јули е роден, во јули ја доби ќерката Алиса, во јули се ожени за жената на својот живот, а во јули и дипломира на Универзитетот Скопје.

А навивачите на РК Вардар и понатаму сонуваат повторно да го видат во своите редови убиствениот среден бек, па низ насмевка коментираат: „Лука, Лука, црвено-црниот дрес најдобро ти стои.“

При секоја посета на Скопје, Лука издвојува време да се фотографира и да им подели автограми на најверните млади фанови, за кои вели дека имаат голема улога во сите негови спортски успеси.

„Енергијата во Вардар, измешана со неверојатните навивачи, испиша историја. Да се биде дел од тоа е навистина големо богатство во животот. Имав среќа што во секој клуб каде што играв, имаше одлични навивачи. Поддршка која ве турка и е дополнителен ветер во грбот.“

А ние му посакуваме, со дипломата на Универзитет Скопје во џеб, еден ден да стане врвен хотелиер и туристички магнат и да биде еднакво успешен како и кога ги тресеше голманските мрежи од сите можни позиции.

**Ментор на Циндриќ беше проф. д-р Мијалче Ѓоргиевски.**







# ЛАРСОН: УЖИВАМ ВО ПРИЈАТЕЛСТВОТО И ТОПЛИНАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ

**Шведска е горд партнер на Македонија, со многу суштинска програма за реформска соработка фокусирана да ѝ помогне на земјата на патот кон ЕУ. Обезбедуваме помош во области како што се доброто владеење, родовата еднаквост, независното новинарство, економскиот развој и прашања за животната средина, кои се тесно поврзани со подготовката на земјата за пристапување во ЕУ, вели шведската амбасадорка во Македонија, Ами Ларсон Јаим во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент. Таа зборува и за животот во Македонија, за уживањето во природата и особено во Охридското Езеро и потврдува дека нема подобар ајвар од македонскиот.**

# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## Н.Е. АМИ ЛАРСОН ЈАИМ

### шведска амбасадорка во Македонија



**Како гледате на напредокот што го постигна нашата земја досега и колку е таа блиску до процесот на отворање преговори за влез во европското семејство?**

Македонија направи историски чекор кон членството во ЕУ во јули 2022 година кога се одржа првата Меѓувладина конференција за пристапни преговори. Европската комисија потоа го започна процесот на скрининг, каде што видовме импресивен почеток од страна на Македонија.

Пристапувањето во ЕУ е трансформативен процес од големи размери кој бара пристап со вклученост на целото општество. Клучно е со реформската агенда да се добијат вистински и трајни резултати. Владеењето на правото ќе биде во фокусот заедно со многу други области. Реформите ќе имаат корист за граѓаните, не од денот на влегувањето на земјата во ЕУ, туку од денот на нивното спроведување.

На ова се надоврзува и прашањето за уставните измени, што е услов за одење напред на патот кон ЕУ. Суверена одлука е на земјата дали сака да ја донесе оваа одлука или не.

Мислам дека е важно да се подвлече дека целосната агресија на Русија кон Украина претставува пресвртница во европската историја, која донесе ново чувство на итност во однос на прашањето за проширувањето на ЕУ. Одлуката да се искористи оваа можност е во рацете на политичкото раководство на оваа земја, но сега има моментум за Македонија. Унијата има енормно обемна агенда и многу прашања кои се натпреваруваат за вниманието на лидерите. Ова значи дека моментумот е добро од непроценлива вредност. Моето искуство е дека кога се има моментум, тој треба да се зграпчи. Како што истакна мојот колега, евроамбасадорот Гир, вратата на ЕУ е отворена.

Исто така, би сакала да појаснам дека Македонија не е сама во овој процес. Институциите на ЕУ заедно со земјите-членки на ЕУ, вклучително и Шведска, мобилизираат многу стотици државни службеници и експерти да работат на процесот на пристапување на Македонија во ЕУ, вклучително и за време на процесот на скрининг. На земјата ѝ се ставени на располагање значителни средства од ЕУ. Шведска е горд партнер на Македонија, со многу суштинска програма за реформска соработка фокусирана да ѝ помогне на земјата на патот кон ЕУ. Обезбедуваме помош во области како што се доброто

владеење, родовата еднаквост, независното новинарство, економскиот развој и прашања за животната средина, што е тесно поврзано со подготовката на земјата за пристапување во ЕУ.

Значи, како што можете да видите, ЕУ многу инвестира во процесот на пристапување на Македонија во ЕУ, процес кој мора да биде кредибилен и ригорозен.

**Кои се слабите точки на Македонија, дали би ги посочиле?**

Анкетите многу јасно покажуваат дека Македонците се загрижени за економијата, корупцијата и криминалот. Јасно е дека е потребно побрзо темпо на реформи. Добро е познато дека ЕУ има загриженост за состојбата во судството и во владеењето на правото. Овие области не само што се забележани во извештаите на ЕК за земјите, туку што е уште поважно, се работи за области во кои самите македонски граѓани бараат подобрувања.

Корупцијата е корозивна за секое општество и сериозно им штети на напредокот и на развојот во државата. Таа, исто така, придонесува за одливот на мозоци, многу талентирани и образовани млади Македонци одлучуваат да бараат иднина на друго место.

Борбата против корупцијата и другите димензии на владеењето на правото се основи на членството во ЕУ. Не случајно тие се областите што го започнуваат и го завршуваат процесот на пристапување на земјите-кандидати во ЕУ. Но, не се работи само за исполнување на стандардите и барањата на ЕУ, туку се работи и за солиден, праведен, функционален систем кој го подобрува животот на граѓаните на Македонија.

**Како ги коментирате последните политички случувања во врска со уставните измени во Македонија?**

Уставните измени остануваат суверена одлука што треба да ја донесе Македонија, а одлуката е во рацете на политичките лидери на Македонија.

Како што споменав претходно, сега има силен моментум за проширување поради геополитичката реалност во која се наоѓаме.

Она што можам да го кажам е дека и мојата земја и другите земји-членки на ЕУ беа многу јасни за фактот дека веруваме дека земјите од Западен Балкан припаѓаат во ЕУ. Ова беше пораката што беше јасно изразена од шефовите на влади на ЕУ на самитот во Тирана во изминатата година.

**Европската Унија инвестираше милиони евра за да имаме независен судски систем. Сметате ли дека се постигнати очекувањата на ЕУ во делот на судството?**

Многу внимателно ги следиме случувањата на ова поле и забележуваме и назадување и одреден напредок. Ова е навистина една од областите каде што гледаме дека реформскиот процес треба да се зајакне и да се зголеми темпото на реформите.

Независен и ефикасен судски систем е еден од столбовите на функционалната демократија. Тоа е предуслов за постигнување вистински општествен напредок и благосостојба на граѓаните.

Владеењето на правото е една од областите каде што земјите кои се стремат кон членство во ЕУ многу внимателно ќе бидат оценувани во однос на тоа дали се обезбедени независноста, професионализмот и интегритетот на институциите. Владеењето на правото е дел од основите на ЕУ и затоа се разгледува во секоја фаза од процесот на пристапување – од првиот ден до денот на влегувањето на Македонија во ЕУ.

**Шведска значително ја зголеми поддршката за Македонија за реформите во земјава и со тоа достигна сума од околу седум милиони евра. Со оваа одлука земјава стана еден од најголемите донатори во Македонија меѓу членките на ЕУ. Колку сте задоволни од начинот на кој се трошат овие финансиски средства?**




Ларсон: „Потребно е побрзо темпо на реформите."

Нашето сегашно портфолио во земјата е многу релевантно за нашите стратешки цели и работиме со нашите локални партнери за да ги добиеме најдобрите можни резултати за Македонија со парите на шведските даночни обврзници.

Нашата реформска соработка е структурирана во близок дијалог со македонската влада и со граѓанското општество со цел да се усогласи со развојните приоритети и со реформската агенда на земјата. Координацијата со другите партнери на ова поле е важна за да се избегне дуплирање, но и за да се осигуриме дека постои силен надзор.

Нашата работа е многу насочена кон поддршка на процесот на пристапување на Македонија во ЕУ и горди сме што можеме да придонесеме во тековните реформски напори на земјата. Ова вклучува работа, на пример, за заштитата на животната средина, родовата еднаквост и економскиот развој.

**Вие сте жена во светот на политиката, каде што жените сè уште не се доволно застапени. Како би ги поттикнале другите жени да дејствуваат и да се стремат кон повисоки позиции во општеството?**

За среќа, во мојата земја е постигнат голем напредок во родовата еднаквост и мојата генерација жени на многу начини можеше да ужива во многу поправедно општество од претходните генерации. Тоа не значи дека борбата е завршена – има уште работа за да се урнат преостанатите бариери.

Мислам дека она што е важно да се признае е дека родовата еднаквост не се однесува само на правата на жените. Родовата еднаквост е да го направиме општеството подобро за жените и за мажите, за девојчињата и за момчињата. Тоа е победничка ситуација. Кога ќе ја прифатите оваа премиса, тогаш станува збор за движење напред, заедно, како општество. Всушност, ако ги прашате




Ларсон: „ЕУ многу инвестира во процесот на пристапување на Македонија.“



Швеѓаните денес дали би сакале да ги поништат придобивките од родовата еднаквост и да го оставаат зад себе, на пример, заедничкото родителско отсуство – верувам дека тие веројатно ќе одговорат дека нивно основно право е подеднакво да го делат родителството.

Родовата еднаквост на Шведска ѝ даде многу значителни економски придобивки. Придобивки за самите жени, кои стекнаа економска независност, но и за целото општество. Истражувањето на ОЕЦД покажува дека до 20 отсто од растот на Шведска во последните 50 години се должи на зголеменото учество на жените на пазарот на трудот.

Има и истражувања кои покажуваат дека општествата кои се засновани на правила што се родово еднакви, се посилни и постабилни од нееднаквите и недемократските општества.

И кога се донесуваат одлуки за граѓаните во една земја, треба да се земат предвид сите перспективи – а како би можеле да го направите тоа ако половина од населението не е соодветно претставено? Сè уште има многу земји низ светот каде што тоа се случува, или каде што напредокот на ова поле сега е доведен во прашање.

Мојот совет до девојките и до жените во светот на политиката е да се поддржуваат меѓусебно – исто така преку политичкиот дел – и да градат сојузи за унапредување на родовата еднаквост со многуте мажи кои исто така се залагаат за напредок. Многу жени во политиката добиваат многу закани и омраза онлајн, а понекогаш и во лице. Должност на сите е да придонесеме кон една овозможувачка средина каде што секој ќе може без страв да учествува и да придонесува кон општеството и кон демократското одлучување.

Како амбасада, а и јас како амбасадор, се обидуваме да ги инспирираме и да ги зајакнеме жените и девојките преку различни активности и проекти. Еден пример е нашата активност „Амбасадорка на еден ден“, кога покануваме една млада жена да оди во моите чевли еден ден, рамо до рамо со мене на состаноци и настани, но и во вршењето на редовните работни обврски. Тоа е еден многу



Ларсон: „Уставните измени остануваат суверена одлука која треба да ја донесе Македонија.“

инспиративен ден и за неа и за мене!

Понатаму, ние исто така работиме на зајакнување на учеството на жените во политиката преку Шведската развојна поддршка. Еден пример би била поддршката што ја даваме преку програмата „Жените водат“ (анг.: WomenLead), која ја спроведува НДИ. Оваа програма соработува со сите поголеми политички партии во Македонија, и со жените и со мажите, за да се стимулира поволна средина за учество на жените и за женско лидерство во политиката.

**Дали жените можат да бидат мајки и да бидат успешни во кариерата?**

О, да, апсолутно.

Еднаш имав претпоставен кој сакаше да вработува родители на мали деца бидејќи тие ќе знаат дека кога е тивко, тогаш работите ќе тргнат наопаку. Мислев дека беше прилично охрабрувачки да се слушне ова кога основав семејство.

Но, не е толку лесно како што се чини, се разбира. Општеството треба да се организира на начин што ќе им овозможи на жените да продолжат со кариерата. Ова значи дека и мажите и жените треба да имаат подеднаква одговорност кога станува збор за домашните обврски, грижата за децата, итн. Напредокот на ова поле беше многу важен за мојата земја заедно со достапната на висококвалитетна грижа за децата.

Мајчинството никако не треба да значи пречка за успехот во професионалниот живот на жената – напротив. Водењето тим и управувањето со семејството всушност има некои сличности! Како мајка, човек учи успешно да жонглира со многу задачи, а тоа е многу корисно кога агендата е многу густа.

**Што Ви се допаѓа најмногу во Македонија и кои места уживате да ги посетите?**

Ја сакам различноста во Македонија – и чувството дека човек се наоѓа во срцето каде што културите доаѓале во допир многу векови. Пејзажите, планините и Охридското Езеро се исто така нешто во кое многу уживам. И јас сега се согласувам со Македонците – нема подобар ајвар од македонскиот. Но што е најважно, уживам во пријателството и топлината на Македонците.

# КОМПАРАЦИЈА





Сон на секој млад човек е да си обезбеди кров над глава, а намера на инвеститорот да инвестира во недвижност која ќе му донесе профит. Сепак, во Македонија станува сè потешко ваквите планови да станат реалност. Нашите мајки и татковци некако полесно и поевтино успевале да стекнат имот. Денешните генерации треба да работат подолго за да отплатат некоја недвижност. Во последните неколку години, цените на станбениот и на деловниот простор го достигнаа плафонот, кредитите енормно поскапеа по пандемијата и по енергетската криза, но побарувачката, контра секоја логика, се зголемува.

Податоците од Народната банка покажуваат дека во првиот квартал годинава, цените на становите во Скопје се зголемиле во просек за 18,8 проценти на годишно ниво и 1,3 отсто на квартално ниво. Некаков надолен пад на овој тренд се забележува во периодот од април до јуни. Тогаш растот изнесувал речиси 13%. Народната банка го подготвува индексот на цените на становите за територијата на Скопје врз основа на податоци кои се однесуваат на огласите за продажба објавени од агенциите што се занимаваат со промет со недвижности. Тоа значи дека цените објавени на оглас не се истите по кои тие и навистина се продаваат, односно крајната продажна цена е нешто пониска од првично бараната од страна на продавачот. Во Скопје

**Скопје.**
*Извор: grandskopje.mk*



# ЦЕНИТЕ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ НА БАЛКАНОТ НИКАКО ДА ПАДНАТ

во моментов цените се движат од 1.500 евра ако купувате стан во градба, а ако е целосно завршен, цената се искачува и до 2.000 евра.

Во просек, цените на станбениот простор во другите градови се помали за околу 25%. Ако се земат продажбите предвид, и покрај тоа што државните институции не се толку ажурни во објавување на податоците, просечната цена на метар квадратен се движи нешто над илјада евра.

Растот на цените на становите се случува додека во земјава се намалува населението, односно иселувањето не стивнува. Притоа, во повеќе од третина од становите не живее никој. Дури 307.000 станбени единици зјаат празни, од кои речиси 60 илјади само во главниот град.

И покрај ова, градежната експанзија во земјава сè уште е во полн ек. Инвеститорите по секоја цена бараат празни плацови за градба, становите и покрај високата цена, брзо се продаваат, особено оние во поатрактивните населби. Но, цената никако да се намали. Нелогичноста на пазарот на недвижности многумина ја толкуваат како страв на населението дека високата инфлација ќе им ги „изеде“ парите, па тие вложуваат во недвижности, но и како начин како да се легализираат пари кои влегле во државава на нелегален начин.

И додека сите се прашуваат до кога ќе трае оваа состојба и кога ќе пукне меурот, во продолжение следува анализата на пазарите на недвижности во неколку земји на Балканот.





## ГРЦИЈА

Кај нашиот јужен сосед, растот на цените е сличен како и кај нас. Растот на цените на недвижностите изнесува 14,5% на годишно ниво. Притоа најмногу поскапеле апартманите во Атина и тоа за 16,5%, за 16% во Солун, за 13% во другите градови и за над 10% во другите области во Грција. Ако некој сака да купи стан во центарот на главниот град, ќе треба да одвои 2.700 евра за метар квадратен, додека цената во приградските населби е околу 2.500 евра за квадрат. Цените за закуп се движат околу 535 евра за стан со една спална соба во центарот на Атина.

Грчкото крајбрежје отсекогаш било најатрактивно за македонските граѓани. Високите даноци и неможноста да се инвестира како граѓанин поединец со години ги одвраќаа луѓето од купување недвижности или, пак, го отежнуваа овој процес. Сега ситуацијата е нешто подобрена.

Цените од 2014 и од 2015 година кога квадратен метар се продаваше и за 500 евра нема повеќе да се вратат. Сепак, ако сакате апартман на море, за него ќе треба да одвоите од 1.600 до 2.000 евра за квадратен метар. Во Солун има се помалку евтини станови. На Халкидики мал апартман од околу 25 метри квадратни се продава за 30 илјади евра. Стан од околу 50 квадрати се продава за 75 илјади евра, односно за 1.500 евра за квадрат. Градежно земјиште на прва линија во летувалиштето Сарти на вториот крак Ситонија се продава за 250 евра за метар квадратен.

Олимписиот регион е нешто поевтин. На пример, апартманите во Паралија чинат нешто над илјада евра за квадратен метар. Очекувано, колку се тие поблиску до брегот, толку се поскапи. Сепак, овие пониски цени се однесуваат на постари градби кои бараат реновирање.

Во Лептокарија, пак, може да се најде оглас за продажба на стан по цена од 663 евра за квадрат, односно 110 квадрати се продаваат за 73 илјади евра.

2.000 евра за квадрат, пак, е огласената цена за типски апартман на самиот брег во Неа Рода, на третиот крак Атос на Халкидики.

На грчкиот остров Крф, цените надминуваат две илјади евра за квадрат во градот Крф и во околните градови на крајбрежјето, додека оние во внатрешноста на островот се драстично поевтини и се движат околу илјада евра.

**Неос Мармарис.**
*Извор: grckainfo*



# БУГАРИЈА

Во вториот квартал од 2023 година во Бугарија не се исполнија очекувањата за заладување на пазарот на недвижности, трендот на намалување не беше толку изразен како во другите европски држави и во САД. Ова во голема мера аналитичарите им го припишуваат на релативно ниските стапки на хипотекарните кредити. Нивоата на цените на становите засега се релативно непроменети, без значителни поместувања надолу.

Од тамошните агенции за недвижности велат дека купувачите се многу попретпазливи и не брзаат да купат дом по секоја цена, а исто така во многу случаи успеваат да ја намалат почетната продажна цена на имотот за 5 до 10%. Засега во Бугарија не се очекува пазарот да доживее големи промени.

Во вториот квартал од 2023 година е забележан пораст на бројот на трансакции со недвижности во однос на првиот квартал од годината. 8.615 трансакции регистрирани во Софија се значително повеќе од 6.381 во првиот квартал. Поголем број на продажби имало и во Варна, Пловдив и во Бургас.

Во главниот град Софија се забележува тренд на побарувачка на поголеми станови со две спални соби, најчесто веќе завршени новоградби опремени со мебел.

Стан со една спална соба во просек чини од 1.600 до 1.800 евра по квадратен метар, а за двособен од 1.500 до 1.700 евра. Во центарот на главниот град, на пример, цените започнуваат од 1.800 евра по квадратен метар и во просек изнесуваат околу 2.500 евра по квадратен метар.

Во Пловдив, на пример, побарувачката почнува да се намалува, но тоа не врши притисок врз цените да одат надолу. Просечните цени варираат од 800 до 1.200 евра по квадратен метар во зависност од карактеристиките и од локацијата на недвижниот имот.

На бугарското крајбрежје најчести купувачи на имоти, освен домашните, се Украинците, кои по стартот на војната во нивната земја се преселија во Бугарија, како и Британците, Германците, Полјаците и Израелците. Тие се најмногу заинтересирани за имоти во Несебар, Сончев Брег и Созопол. Побарувачката за имоти на туристичките места сè уште е висока. Некои експерти предвидуваат дека таа ќе се намали за 5 до 10%. Не се очекува цените да паднат во  догледно време по големиот раст во изминатата година.





**Бургас.**
*Извор: hotelscombinet.com*

## КОСОВО

Цената на изградба на недвижностите во Косово паѓа по повеќе од една година континуиран раст, но тоа никако да доведе до пад на цените на становите.

За нова зграда во Приштина, во зависност од локацијата, граѓаните треба да одвојат од 900 до 2.500 евра за метар квадратен. Од Здружението на градежници на Косово велат дека цените на недвижностите се слични во Призрен, вториот по големина град на околу 85 километри од Приштина, а во другите косовски градови, како Урошевац, Гњилане или Пеќ, цените се нешто пониски.

Податоците на Косовската агенција за статистика покажуваат дека просечните трошоци за изградба во 2021 и во 2022 година се зголемени до 16 отсто во споредба со 2020 година. Но, според податоците на истата агенција, во последниот квартал од минатата година, цената во градежништвото е намалена за 0,6 отсто. Експертите не очекуваат намалување на цените бидејќи градежните материјали не поевтинувале со поголема динамика.

Побарувачката, пак драстично се намалила во првите три месеци од годинава. Најголеми купувачи на станови на Косово се граѓаните од дијаспората, кои учествуваат со 70% во вкупните купопродажби. Упатените коментираат дека ако продолжи ваквиот негативен тренд, градежниот сектор може да се соочи со затворање фирми и отпуштање работници.

**Приштина.**
*Извор: politecnica.pristina.masterplan.rappresentativa*



## АЛБАНИЈА

Албанија е една од државите кои стануваат сè поатрактивни за инвеститорите во делот на недвижностите. Земјата бележи забележителен напредок во различни сектори, вклучувајќи ги туризмот, развојот на инфраструктурата и странските инвестиции. Овие позитивни сигнали упатуваат дека во иднина вредноста на сега купениот имот има големи шанси да расте. Поволната деловна клима значи нови можности за работа, повисоки приходи, а со тоа и зголемена побарувачка на станови. Албанија обезбедува сè повеќе градежни дозволи, што укажува на растечки градежен сектор. Ова може да резултира со зголемена понуда на станови, што потенцијално ќе доведе до повеќе избори за купувачите на имот и евентуално поконкурентни цени.

Просечната цена на стан во главниот град Тирана изнесувала 1.175 евра за квадратен метар на крајот на минатата година. На годишно ниво, тоа е зголемување на цената од 15,6%.

Од друга страна, и покрај големиот градежен бум, на крајбрежјето на Албанија сè уште можат да се најдат најевтините станови на Балканот со поглед на море.

Стан во Голем чини околу 44.500 евра за 63 квадрати. Студио во Саранда од 30 квадрати чини 30 илјади евра. Може да се најде и гарсониера од 50 квадрати по цена од 35.000 евра. Двособен стан од 48 квадрати во Орикум кај Валона чини 48.000 евра. Просечната цена за постарите апартмани е околу илјада евра. Тие со поглед на море достигнуваат и до 1.500 евра. Па така, студио со поглед на море од 37 квадрати се продава за 69.000 евра, парцела со поглед на море од 200 квадрати чини 65.000 евра, додека апартман со страничен поглед на море од 77 квадрати, агенциите за недвижности во огласите го продаваат за 92.000 евра.

Сепак, албанското крајбрежје сè уште не е доволно развиено, па има многу парцели за големи хотелски и станбени комплекси непосредно до морето. Оние кои во моментов се градат се луксузни и очекувано држат високи цени. Двокатни луксузни вили од 400 квадратни метри со базен и со мал двор на самиот брег во Паласа на потегот меѓу Националниот парк Логара и гратчето Дерми се продаваат за неверојатни 3.700 евра за квадратен метар.



**Валона.**
*Извор: hotelscombined.com*

## СРБИЈА

Српскиот пазар на недвижности  е убедливо најинтересен на Балканот. Вакви турбуленции во делот на купување и на изнајмување недвижности не се случиле одамна. Цените на становите во главниот град Белград вртоглаво отидоа нагоре во минатата година, но оваа година се стабилизираа. Сопствениците до пред неколку месеци наплаќаа огромни закупнини, а сега не можат да добијат ниту половина од цената. Она што беше 500 евра, сега може да се најде за 300 евра. Зошто е тоа така? Главно поради војната во Украина. Имено, голем број Руси и Украинци се доселија во Србија, сакајќи или да се спасат од војната или да избегнат мобилизација. Србија беше нивен избор. Сепак, по една година, кога договорите за закуп им истекоа, а дел од нив се иселија, станоиздавачите не можат да најдат други закупци по исти цени.

Дел од агенциите за недвижности, пак, тријат раце од Русите кои сепак сакаат да купат имот во Србија. Велат има такви кои откако им истекол едногодишниот договор, сега сакале да купат станови или куќи. Велат дека се работи за добро информирани купувачи кои по првично платените преплатени имоти, сега не сакаат да ја направат истата грешка и да платат повеќе отколку што мислат дека вреди недвижноста.

Пазарот на недвижности во вториот квартал забележа пад од 13 отсто. Дури 38,8 отсто помалку договори се склучени во Нови Сад, додека пад од 20 отсто е забележан во Белград. Станбените кредити поскапеа, а се издаваат и помалку одобренија за градба. Освен во приградските населби, во главниот град, стан не може да се купи за помалку од 2.000 евра за квадрат, а во централните градски општини најниската цена е 2.500 евра.

Градежните компании се попретпазливи. По порастот на цените на градежните материјали и поскапувањето на градежното земјиште, некои од нив „дигнаа рачна“ и одложуваат со купување плацови и градење поради стравот дека нема да можат да продаваат по посакуваната цена.

Попретпазливи се и граѓаните. Без 2.000 евра за квадрат во Белград тешко може да се купи стан. Некои се одлучуваат да живеат во приградските населби за да заштедат, други го одложуваат купувањето и решавањето на станбеното прашање. Причината е поскапувањето на станбените кредити. Ако кон крајот на 2020 година каматната стапка на новоодобрени заеми за купување стан во евра изнесувала 2,65%, во мај 2023 изнесува 6,47%.



**Белград на вода.**
*Извор: failedarchitecture.com*

## ЦРНА ГОРА

Црна Гора генерално важи за скапа дестинација. Просечната цена на еден квадратен метар на новоизграден стан во Црна Гора во првиот квартал од годинава изнесува 1.389 евра. Тоа е какво-такво намалување од минатогодишната просечна цена од 1.409 евра. Иако се очекуваше по војната во Украина и по благото поевтинување на градежните материјали пазарот да се стабилизира, тоа се одвива бавно поради значителниот интерес за купување и изнајмување од страна на странските државјани, претежно на Русите, Украинците и на Турците.

Просечната цена на нов стан во Подгорица е од 1.500 до 2.000 евра за квадратен метар. Во главниот град се градат неколку илјади станови. По нивната изградба се очекува притисокот да спласне и цените благо да се намалат.

На крајбрежјето, пак, просечната цена на квадратен метар сега е 1.392 евра, додека цените на становите во шест приморски општини се значително повисоки и се движат од 1.445 до 1.473 евра. Цените на становите се високи.

Котор и Тиват се убедливо најскапите локации за купување апартмани. Во Котор стар стан повеќе не може да се најде за помалку од 2.000 евра за квадрат. Па така, стан со две спални соби од 94 м2, со поглед на море на 70 метри од брегот, се продава за 180.000 евра. Нов стан, пак, во истата населба Доброта од 58 квадрати со поглед на море се продава за 183.000 евра. Тиват е уште поскап. Во Тиват, во населбата Кава, стан од 44 квадрати се огласува на продажба за дури 104.000 евра.

Будва е значително скапа дестинација, па гарсониера која е оддалечена и до 250 метри од брегот, со површина од 22 метри квадратни, чини 75.000 евра.

Имотите во Бар, Суто Море и во Рафајловиќи се нешто поевтини. Гарсониера од 36 м2 во нов комплекс во Бар се продава за 72.000 евра. Стан во Херцег Нови се купува во просек за 1.200 евра за квадратен метар.



**Котор.**
*Извор: weseektravel.com*

## БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА



**Сараево.**
*Извор: tourscanner.com*

Цените го достигнаа плафонот, послабо се гради, но и покрај тоа не се очекува пад на цените на становите – ова е отприлика сликата за пазарот на недвижности во Босна и Херцеговина. Во главниот град Сараево има малку локации каде што се гради во моментов. Во Стариот град има едно градилиште, во Ново Сараево речиси ништо, па затоа цените на новоградбите во самиот центар достигнуваат и до 3.500 евра за квадрат. Според тамошната статистичка служба, просечната цена по која се продавале становите во Сараево во последниве месеци изнесува 1.700 евра за квадратен метар.

Од туристичките места на море, БиХ го има само Неум. Се работи за мало место, па затоа поради ограничениот простор, цената е повисока.

Гарсониера од 37 квадрати чини околу 62.000 евра. Двособен стан од 50-тина квадрати над 120.000 евра.

## ХРВАТСКА

Хрватска е државата во Европската Унија во која цените на недвижностите најмногу пораснале. Последните податоци на Евростат покажуваат дека цените на куќите и на становите што ги купиле домаќинствата во Хрватска во последниот квартал од минатата година пораснале за 17,3 отсто, што е највисоко во ЕУ. Така, веќе силниот раст на пазарот на недвижности (14,8 отсто во третиот квартал) беше дополнително забрзан, додека во Европа веќе се забележува надолен тренд: стапката на раст се намали од 7,3 отсто во третиот квартал на 3,6 отсто во последните три месеци.

Во споредба со 2021 година, цените на станбените згради лани скокнале во просек за 17,9 отсто во Загреб, за 12,3 отсто на Јадранот и за 15,3 отсто во другите области.

Сепак, експертите за недвижности предупредуваат дека според сите прогнози, периодот на раст на цената на недвижностите заврши во Хрватска. Според нив, на крајот од оваа или на почетокот од следната година може да се очекува надолна корекција на цените на недвижностите. Сепак, овој пад на цените нема да биде толку голем како што многумина очекуваат, а ќе зависи од недвижностите.

Инаку, хрватскиот главен град Загреб има најскап квадратен метар ако се гледаат огласите на агенциите. Се нуди имот и до 12.000 евра за квадратен метар. Нормално просечната цена на становите е многу пониска или 2.063 евра за квадрат. Сепак, новоградбите не се нудат под 3.000 евра во елитните населби.

На Јадранот цените варираат од еден до друг дел на брегот. Во областа на Дубровник, на пример, бараните цени за домување сега се околу 3.700 евра за квадратен метар, а во Истра околу 3.000 евра. Постои и новоградба во Сплит, која се нуди и за 7.900 евра за квадрат.

**Загреб.**
*Извор: Grad Zagreb sluzbene stranice*



## СЛОВЕНИЈА

Во Словенија, слично како и во другите балкански држави, цените уриваат рекорди. Купопродажни договори, пак, има сè помалку, побарувачката е голема, но понудата мала, па затоа и цените остануваат високи. Во минатата година цените на недвижностите пораснале за 19 отсто, а во Марибор и повеќе од тој просек.

„Во Марибор во тој период цените пораснаа од 21, 22 на 24 отсто. Тоа е огромен скок", истакнува Бранко Поточник, претседател на Здружението на брокерски друштва за недвижности, а пренесува Радио-телевизија на Словенија (RTVSLO).

Очекувано, најскапи се недвижностите во Љубљана. Таму, и стар половен стан се продава во просек за 2.900 евра за метар квадратен. Новите станови пак достигнуваат астрономски цени и до 5.000 евра за квадрат. Се работи за луксузниот кварт Шеленбург, каде што ексклузивните станови поскапеле за 15 до 20%, па сега се продаваат за 5.250 и 8.200 евра по квадрат. Недвижностите поскапеле толку многу што на многумина им е прифатлива цената од 800 евра месечно за изнајмување на 80 квадрати стан во новата населба Ново Брдо, и покрај тоа што просечната плата изнесува околу 1.200 евра. Се проценува дека во Словенија недостигаат најмалку 10.000 станови за изнајмување, од кои 5.000 во Љубљана.

Цените на становите се високи и во Порторож и во Копер, оние во Крањска Гора и на на Бледско Езеро ги надминале цените на недвижностите во крајбрежните градови. Поисплатливо е да се купи стан во Марибор или Нова Горица, каде што со 2.000 евра за квадрат инвестицијата може да се врати во догледно време.

Минатата година бројот на продажби бил намален за приближно 15 отсто во однос на 2021 година. Падот главно се случил во втората половина од годината. Причините се лоцираат во повисоките камати на задолжување и помалата кредитна способност поради зголемувањето на минималната плата. Сепак, имало и случаи кога и покрај високата цена, и десетина купувачи се натпреварувале за еден имот на атрактивна локација.

Од Здружението очекуваат дека и годинава ќе продолжи заладувањето на пазарот на недвижности, но се очекува стабилизирање на цените, а на места и благ пад.





**Љубљана.**
*Извор: mondayfeelings.com*




Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


Т ЗА ТУРИЗАМ
АЏМЕНТ
ОПЈЕ

# Superbrands

UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC